


# Моите забелешки во интернетот

# 2021

# Кралицата, вечна

gordan 11.01.2021



Риги, Кулм, "Кралицата на планините",
1800 метри надморска височина, -5°C, дува ветер у п м, прстињата замрзнуват после 8 секунди од каа ќе ги соблечиш нараквиците…

Ама меракот и задоволството преголемо кога ќе застаниш на осојот и гледаш до Ѓерманија (добро де, ќе се виде Ѓерманија ако нема магла на таа страна).
И така почна новата авантура "Риги 2021"
Бидете спремни да ве утепам со фотографии од Риги ваа година.
После 20 и кусур години конзумирана само од страна и срамежливо, оваа година ќе ја "освоиме", се надевам.



# Црно-бело во боја….

gordan 22.01.2021



Госпоѓата Холе (Frau Holle) го испушти целиот свој раскош преку ридјето и полињата на Швајцарската Конфедерација. Па така зелената Швајцарија се претвори у бела убавица, како млада невеста.
Сите фотографи испаднавме да ја забележиме и овековечиме оваа убавина, која доаѓала еднаш у дваесет години и која ја имавме пред две, пет, осум… години.
Испаднавме со дигитални, аналогни камери, со стативи, без стативи, со филтри, со целиот арсенал за ‟цртање со светлината‟, АМА и, сите со топли капи и нараквици…
Јас како љубител на фотографијата и хоби фотограф секако ОДМА ги споредувам моите фотографии со фотографиите кои се во оптек на фацебук, инШтаграм, ‟& Co‟.
И ододма ми станува јасно дека моите фотографии се во третата или четвртата група по убавина… Λ
Од доставените фотографии на погоре спомнатите социјални мрежи човек (поточно човек упатен во фотографијата) може да утврди дека постојат три или четири врсти на фотографи. Случајни патници, ‟пензионери‟, фотошописти, или и такви кои се мешавина на две од претходните групи.
Искрено кажано, криво ми е што се осеќам како ‟член‟ на првата група ‟случајни патници‟.
Би сакал да бидам во втората група ‟пензионери‟, не пензионер како кој зима пензија и има 65 и + години, туку како пензионер кој го има целиот Божји ден на располагање. Па било тоа и да е за фотографирање…
У Ф’тората група, ногу лесно човек може да биде. И јас ги имам тиа фотошоповите у неколку врсти. Ама јас ги користам за кога и покрај вклучената либела, фотографијата пак ми е настранета. Или кога автоматиката на фотокамерата ќе ‟забега‟ со природните бои. А и малку да се осветли или дотера светлината, (обично фотокамерата е направена да малку потемно фотографира… фотографирам со третина или две бленда одколку што ‟препорачува‟ автоматиката на камерата).

Фотографиите од групата на фотошопистите стварно се убави и побудуваат емоции и го прават Светот онака како сакаме да го видиме, доживееме. Но понекогаш илузиите не носат во погрешен правец. Со времето тие "слики" се врежуваат во нашата подсвест и после мислиме дека Светот е таков каков што е на "инШтаграм"!
НЕ, Гого ќе си остане "случаен патник на овој Свет" кои ги пренесува неговите убавини, реални, какви што ги гледа со окото пред да направи "шкрап".
НЕ, нема да се лутам ако моите фотографии немаат ни десетина "лајкови", за тоа што јас не фотографирам за "лајк", ама морам да признаам дека еден "лајк" од некои личности ми значат како сто кој некој ги добива од "приатели" на кои ни името не им го знаат!
ДА, и понатаму ќе ве труам со реални фотографии…

# Вакум

gordan 10.02.2021



Вакум, а може де се разбере како "факуум", а може да се поделе у "фак у ум" и на крај човек може да го разбере: "не ебат у здрав мозок"

Февруари, лето Господово 2021-во. Веќе скоро точна една година како најновата верзија на грипот позната под развојното име "Ковид 19", рие по Светот и ни го растури секојдневието.

Како деца почнаме да возиме моторчиња. Јас ја имав таа привилегија да моите родители ми купат TOMOS Automatic 3m (со две брзини!?!? – зошто 3m ???). У тоа време имаше и таканаречени PONY Express моторчиња и секогаш имаше конкуренција помеѓу тие два табора! Тиа Пони моторчињата не беа толку "стартни", ама на рамно и на подолги стази залетуваа повеќе од аутоматикот –

беа побрзи. Нормално почнаме да кроиме планеви и почнаме да го "фризираме" – појачуваме аутоматикот. Главен извор на информации беа "Ауто свет" и "искуствата" на старите кавадаречки моторџии, Замбата, Бенџо, Караџата, Боро, Миле, …
И од сите тие извори добиваме по некоја информација шо и како може да се оптимира, АМА СИТЕ! истото го викаа: "прошири, по истругај, отвори, АМА ПАЗИ ДА НЕ ПРЕТЕРАШ!!!"
Да, неколку пати претераме, шо предизвикуваше да се набавуваат нови

делови…



Да, таа филозофија е дел (неизбежен) на Универзумот. Сѐ шо ќе се претера – не е убаво.

Баш така се осеќам сега, во ова време – невреме. Се осеќам како дел за експерименти на некои си "виши" сили кои со нас, Човештвото експериментираат до каде можат да одат, да не "бушат"?!?!? И до сега убаво им оди. Не ставиа у ред, под контрола со оправдување дека не бранат / пазат од ова зло!

До пред некоја година, за да стигниш до Македонија ти требаа неколку документи и визи, исто и за назад до Швајцарија и таа стара курва Европа. Таман сѐ помина, визи, разни документи и услови – ОП! Грип! Ајде сите пак "под контрола" и трчи по документи и "визи". И така и ќе биде во догледно време.

Таа ситуација на неизвесност и без перспективност условува да бургијата на некој му влезе повеќе, на некој помалку. Но во секој случај предизвикува немотивираност кај СИТЕ.

Синоќа седнав да после месец и кусур конечно го "заокружам" проектот "Една година – еден објектив" и ги одберам најдобрите фотографии настанати ланската година со 50 милиметарскиот бојектив. ТИКВИ!
Само после неколку минути фотографиите предизвикаа немир во мене. ТОЧНО се гледа до кога биле фотографирани во нормални услови, а кога во услови на "Вонредна состојба". И повторно мислите забегаа во неконтролиран правец. И повторно се јавува вакум – бесцелност и бессмисленост …

До кога бе? До кога ќе не рибате со заштитни мерки кои оставаат само “дупки“ у нашето секојдневие.

Кога? Кога и каде ќе пукне ваа?

Јас би ги замолил: “де Бате, де не ме брани веќе!!!“

И така фотографиите останаа не средени…

Фото лабораторијата чека да биде направена…

Моторот чека зимска нега…

… чекаме! чекаме посветли и поубави денови!

# Стара кавадаречка …

gordan 11.02.2021

Една стара кавадаречка мудрост вика:
“КУЧЕ ДА СИ, ПОМАЛО ДА НЕ СИ!!!“





# 14 февруари 2021

gordan 15.02.2021



недела, 14 февруари 2021, Св. Трипун.

Не, не ми е грешка напишано. Јас така си го знам. Така баба Зора го кажуваше. И тоа беше денот кога паричката од погачата за Бадник се носеше и закопуваше у лојзто. Да, баба беше таа шо ни ги објаснуваје празниците и обичаите. Како она ги знаеше и како она ги разбирала. Немаме веронаука у школто, а и поповите несмееа да расправат за религијата, за атер на Тито.

После некое време кога Македонија се остамостали, кога почнаа да заживуват поголемите лозарски имоти, и кога власниците на тие имоти беа европски ориентирани ваа работа замре. АМА, со изумирањето на социјализмот и развојот на социјалните мрежи се отвори поле за презентирање на традицијата на лозарите/винарите…

И така дојдена е колуминација на лигавењето со Св. Трифун и ВалеИЈнтајн, или мешавината на двете. Наеднаш СИТЕ граѓански организации од лозари, винари, уметници, боеми, пијачи, свирачи, глумци, и … шо уште не, го прогласија Св. Трифун за ногу важен датум.

Гледам како од година на година се на појако се уклучува празнувањето на Св. Трипун. Гледам како "по повод големиот празник Св. Трифун …" сите сакат да привлечат внимание. Ваа година почнаа "по повод празникот св. Трифун" уште од четвртокот да се собираат, секако "се одвиваше исклучиво според Протоколите за работа во време на COVID – 19: за сите посетители – носење лична заштита на лицето (која не мора да се користи исправно), дезинфекција на рацете (ногу битна работа), одржување на растојание 1,5 – 2 метри (ама метрите не мора да се баждарени- може да се земе некое растојание и да се рече дека е два метри) и ограничен број на посетители"…

НЕ. Со години не се сликувам за Св. Трипун со маказа у раката и пред некоја лозница. Не, не се осеќам дека Св. Трипун е мој празник. Имаме, кажано у минато свршено време, лозје. И тоа пристојна површина. Површина да истераш и Св. Тифун и сите други светци за и околу лозјето, виното, ракијата па и маџунот. Ама од кога не влечам прачки, не го влечам маркушот, не влечам вреќи, нема шо и да се профилирам или мешам у прославите на другите.

Секако, во слава на Св. Трипун, празник кој беше и мој и кој уште е на мојот календар на празници, се напими ракија, две, три … и помислиме и се потсетиме на некои времиња убави, минати…

Едно прашување до лозарите:
– Се знае ли цената на смедеревката за оваа година?
За тоа што кога цената на грозјето ќе се знае за Св. Трипун, тогаш ќе имаме лозарство! Воа другото сето е "терапија"!

Ај за ногу години денот!



Св. Трипун у Швајцарија.
И тука има првославни Христијани кои Св. Трипун го фаворизираат пред ВалентАИЈН. До пред некоја година и јас посетував мои пријатели кои имаат по некоја лоза и во чест на празникот се собираме и го одбележуваме. Оваа година, година на ограничен број на собрани, не отидов таму за де не им земам место на човеците кои имаат поголема потреба од тоа.
Ние прошетаме по северот на Швајцарија кој требеше да биде потопол отколку во подножјето на Алпите – ТИКВИ! Ладно кочан и таму, на северот и ако сонце грееше. Прошетаме покрај Рајна и нејзините водопади кои зрачеа “топлина“ (водата течеше шо значи има повеќе од нула степени), апнаме кобаски во Цирих пред операта, стоечки (исклучиво според Протоколите), кафе не частеа Благица и Марјан кои случајно не сретнаа, и така поминаа празниците и кавурскиот и тиа другиот…














# Петок, (не 13-ти!)

gordan 19.02.2021

Петок,
19.02.2021
► американците јавуват дека "слетале" на Марс
► Заводот за здраство на Швајцарската Конфедерација објавува околу 1000 новозаразени од ковид 19
► у Македонија се расправат за …., тоа шо се расправа 30 и кусур години
► у Кавадарци се растура пазарот за да се направе нов

► Ѓорѓе Балешевиќ си умрел

И сега?

И уште стотици нови информации.
АМА шо од сето тоа директпо ме потрефи?
ДА. Тоа кога се јави газдата и кажа дека од понеделник колеггата ќе работел кај него.
ЗНАЧИ, до даљег сам у фирмата…
Запролети, веќе неколку денови температурите не паднале под нула.
Еден певач ќе пее "Пролеќе на моје раме слеќе…"
ТИКВИ – полен у очите се п'не – алергии, мрсоли, с'зи, ти а наврам пролетта, ти а наврам!
Да убава е. Ќе има некое ново слико. Боите се убави, кога имаш доволно лекови.
Молба до чи Бил Гејтц, де бре да а , ако остане од тоа мастрафот, и една вакцина против алергија на полен!!!

Не "врзан муабет", нели? А шо може да се очекува денеска, петок. Кога американците "слетаа" на Марс, Ѓоле си умре и пазарот го рушнале…

Ете и Ф тората доза ја земав, топла, или жежена, каа шо ја викат некои сонародници од Поранешната Југословенска Федеративна Република Народна Северна Македонија.

И сега, "листам" по фацебукот и гледам дека ногу ФАНови има Ѓоле. Стихови, мудрости, мислења, песМи, наеднаш сите го љубиме.
Исто како Тоше.

ДА.
Растеме и живееме у таа Југославија.
Не еднаш и не на едно место, јас сум изјавил и напишал, јас никогаш немав мој идол, моја песна, моја група, мој клуб.
Идол, од една едноставна причина, јас не сакав да бидам како некој, јас сакав да бидам подобар од сите.
Моја песна, та не беше едно лето, та не беше една нова година, та не беше

едно…
(добро, тиа шо убаво ме знаат че речат: а »Дувна ветре развигорче« ? – ама тоа е друга прикаска…)
Мој клуб??? Црвена Ѕвезда? Партизан? Хајдук? за ШО??? Која е таа логика???
Мој пеач? кој? за кога? за кога сум расопложен? за кога сум тажен? за кога сум пијан…

Еве и денеска моите мисли за Марс ќе си ги задржам за себе, оти кој го интересира моето мислење дека тоа ЏАБЕ трошење пари. Додека се чекат 5 долари за да преживее едно семејство у Африка виа МИЛИЈАРДИ арчат на нешто шо у денешно време немора ни у некоја пустина да одат да снимат ако имат појак копјутер, и добра видео картичка у него…

Кој го интересира моите мисли за тоа како не "рибат" со котраоната, не играат ѓоа вакво.

За Македонија секако немам веќе шо да пишувам – јас тоа парче земја го напуштив предИ тријсет години, а од пред некоја година се одкажав од солење на памет за истото.

Кавадарци,
"Неки нови клинци, неки нови клинци, неки нови клинци…"
Пазарот, неверувам дека некои од нив знаат дека има пазар у Кавадарци.
Ни таму израснаме. Научиме да бидиме човеци. Трпеме да не заебават и научиме да заебаваме…
АМА "сѐ се движи, сѐ се менува!"

НЕ.
Нема да пишам жалопојки за Ѓорѓе, нема да жалам за пазарот, нема да се чудам на Марс …
Оти утре е сабота.
И у сабота се појадуват пржени јајца.

А за Ѓорѓе, ќе го помислиме кога неговата песМа (една од ногуте) ќе заврте на "радиото" у колата.
На пазарот ќе си спомниме со ЧОВЕЦИТЕ кога ќе се сретниме, со тие истите кои поминаме пазари и пазари на него…

А да.
За Македонија,
Бог да а прости!

# Во право време, на право место…

gordan 22.02.2021



Кога почнав да се интересирам за фотографија, не ми беше спречено да ја "испитувам" фотокамерата на тато. Добро, за штракање не смееше да има филм, ама и само тоа "клик" каа ќе направе беше задоволство.
Да, за покасно каа почнаме со филм да се сликаме и сами мораме да "најдиме" пари за сликите, не се шкрапаше без веза и без план!
Ама тоа не беше за сите така. Имав другарчиња со кои одеме на "ОТО секција" и во "Народна техника" ама кои и после неколку "часови" уште немаа фанато камера у рака, ама бевме сите фотоаматери. Јас и се радував на "WERRA" оти беше демек подобра од "СМЕНА 8". АМА, не еднаш беше да другите имат поубави фотографии од моите.

После сите мечтаевме за NIKON. Никонот беше поим за нас, бидејќи кај Боро првпат дојдоме у допир со "професионална" камера!!! Можеше објективите да и се менуваат!!!

Првата "моја" фотокамера беше Minolta. Во тој период, почетокот на 90-тите години од минатиот Век, Minolta нудеше нај напредна техника.
Тука некаде почнав сѐ повеќе да и препуштам на техниката. Во 90 и кусур проценти од ситуациите, автоматиката ништо по лоша фотографија не правеше од колку моите "преречуни".

И така со времето од Minolta поминав на CANON и "арсеналот" се зголеми на неколку камери, повеќе објективи, блицеви, стативи и разноразни "потребштини". Како растеше "искуството", повторно се вратив на

‟аматерските‟ камери и објективи. За тоа што, јас како фотоаматер, не сакам за малку подобра фотографија да влечам ногу повеќе тежава…

Маглата како елемент у фотографијата не само шо ме восхитува туку и секојпат е нов предизвик за мене. Сеа не магла ‟прст пред око‟ да не се гледа, ама така ‟убава‟ која е осветлена од сонцето или некое друго светло, брка работа, праве да секогаш добро познатите мотиви, се презентираат во друга единствена сцена.

Имав желба, тоа е ретко, да одам и да фотографирам во мое омилено ми место, само заради тоа шо мислев дека ќе има магла. Имаше. Ама ‟сиромашка‟. Да, фотографиите се ‟уникатни‟ ќе нема такви пак.
На таа ‟прошетка‟ ме израдува што сретнав и друг фотограф кој уште рано насабајле се позиционирал сред мочуриште и чека ‟добро светло‟. Застанав и разменивме лаф муабет. Кажа дека не дошол сабајлето, туку уште во ноќта, да ги фотографира ѕвездите!!! Дечкото ми призна дека е ‟нов‟ у фотографијата и дека со фотографија почнал да се занимава од пред два месеци! Убаво. Тоа не ме зачуди, човеците секогаш се во потрага на своето јас, и кај некој порано кај некој покасно ќе се искристализира талентот или подаността. Повеќе ме зачуди тоа како у денешно време се ‟почнува‟ со хоби. Пред него стоеше статив камера и објектив, кои имаа вредност – три до четири други хобија / занимации да курдисаш – наеднаш!




Триесет години работам во сепарацијата во Ноихајм. Скоро исто толку години го гледам грбот на селото, кога ќе дојде некое официјално писмо од општината, на кој е отсликано дрво кое расти на врвот од ридот. На територијата на општината има повеќе ритчиња кои сите имаат една особина т.е. дрво на вршката. Сум ги гледал од лево, сум ги гледал од десно, сум ги гледал од

Ноихајм, сум ги гледал од Хирцел, ама никогаш сум немал прилика да ги фотографирам како што се прикажани на светските “таблои“.

И така вчера по вторпат (два пати во еден ден) добив желба да одам некаде за да фотографирам. “Запалиме“ колата и директно во Ноихајм. Директно таму. Само за тоа, да ги видиме од блиско и да видам од каде кој ги има фотографирано.
Како и со години на назад, Гого тргна со една камера, еден објектив.
А и да носев 7 камери и 12 објективи и шо ти знам шо – резултатот ќе беше ист. За тоа што, понекогаш “ѕвездите“ не светат од својата убавина, нив им треба и шминка и убав фустан… Вчера, светски познатите ритчиња беа како “не измочана мома“. Убави во основната верзија.

Не еднаш сум рекол, за сензационална фотографија треба да бидиш во право време на право место. (Или да си добар у фотошоп ☺ )

Ми текна за ноа детето од сабајлето, дали ќе а засака фотографијата или ќе му се налуте на апаратите шо не прават убави фотографии, и покрај шо дал толку пари… Зошто и најдобрите апарати не прават фотографии ако не си во право време на право место. Еве јас на пример, никогаш нема да направам сензационална фотографија од водопадите на Ниагара во Швајцарија!!!

# Не врзан муабет #03

gordan 28.02.2021



Сабота,
навечер,
модус – ковид 19
време за ‟не врзан муабет….‟

Еве, ќе почниме да славиме, тука и таму, годинка на Короната! И ако не така стара Короната ни го заеба животот у последната година, скроз.
Ногу работи се сменија. На ногу работи се навикнаме..

Јас со години а имав таа навика да во новчаникот не носам ногу пари. Ако имаше нешто ситно, имаше колку да се руча или вечера во било кој ресторант. За повеќе ако треба се има карти, банки, човеци…
Ама сега забележав дека у последно време у новчаникотнема ИЧ пари не вртам. И не фалат, тоа е трагичното. Ама па затоа сиромаот поштар се искилави носејќи пакети.

Постанаме и не стрпливи, или повеќе желни за промени и нешто ново.
Пред некој ден, го уклучувам мобилниот навечер да се полни, титнува, светнува ламбичката и курдисува да се полни, демек.
Сабајлето го спакувам у џебот, одам на работа – нема струја. И шо друго, го уклучувам да се полни, титнува, светнува ламбичката и курдисува да се полни.
После некој саат 100% полн. И не го мислев ногу, ‟не го ставив на ак′л‟ што би рекле нашите сонародници од струмичкиот регион…
После некој ден, пак.
И пак.
Аааа брату, не така со мене.
WWW …
Синеее!! де најди …
И ОП, новиот телефон нарачан.

Ама дали стварно требеше нов да се купува? Во меѓувреме открив, ако кабелот малку ‟на десно го затегниш‟ се полни секој пат. А на понов кабел и без влечење или затегање.
Ама новиот телефон беше нарачан…
И пристигна. Оригиналната кутијка во пакет, спакуван како да сакале да шо побрзо се отргнат од него и со трета ‟бандарола‟ на кутијата дека е ‟оригинал‟ пакување.
Отвараш и радоста се претвара во скептичност… Зошто НОВ уред има изгужвана заштитна фолија, зошто нов телефон има залепено заштитна фолија на дисплејот и отисци на неа, зошто упатството е на арапски, а полначот руски???

Мислачки…

И зошто во општо ми треба НОВ телефон (мобиљка), та ќе најдеме некој кабел за полнење. И шо е новиот подобар од стариот? Та он супер си ги бркаше тие три работи за кои ми треба, да телефонира, да пише пораки и да изиграва модем за клаптопт на ‟терен‟…

Да, такви мислачки, за логиката за човечкото битие у последно време често ме напаѓат.
Пред некој месец испаднаа нови фотокамери. Терминот за обновување на камерата беше дојде и сега се постави огромно прашање, дали да се оди на "новата" техника и технологија. Дали со шестпати поскапа камаера ќе се прават шестпати поубави фотографии.
НЕ.
Јас нема да правам подобри фотографии само за тоа што имам фотокамера со 16480 можности за нешто да се наштелува. Мојата фотографска мисија е да го забележам моментот кој го доживувам пред мене, без време и можности за сценографии.
Можеби некој, кој живее од фотографија кој вложува пари и време и од кој се чека да презентира даден квалитет, ќе мора да инвестира и во нај скапата опрема …

Исто така, тиа денови се размислува и на тема шо имам јас од:
[www.ristovski.ch](http://www.ristovski.ch)
[www.foto-gogo.ch](http://www.foto-gogo.ch)
[www.kavadarci.info](http://www.kavadarci.info)
[www.makedonium.ch](http://www.makedonium.ch)

Ајде утре понеделник и први и нов месец, ќе мора да се почне нешто ново.

# Март ин ка

gordan 01.03.2021

Понеделник,
1-ви март,
почеток на пролетта – метеоролошка.

Воден од неколку топли денови минатата недела (од вторник до петок), денеска се "изластив" за на работа со пролеттното ми палтенце. Арно у автомобилот работе "парното".




Ама нема назад, ја чекаме и славиме пролетта, ќе си направиме "мартинки" и ќе чекаме да ПРОЛЕТТНОТО сонце не згрее ...

За љубителите на зимата и ладните температури
»»»"февруарските фотографии"

# Утрински спокој

gordan 02.03.2021




Утро,
Гребиш мразот од стаклото на колата и се пушташ у реката на автомобили правец работа…
Уште не расонет и не стоплен, приметуваш како човеците се наапани и нервозни и нестрпливи, уште сабајле се лепат на задниот браник.
Не се свесни колку полека можам да возам јас!
А само 5 метри не делат од спокојот Божји.








# Будење

gordan 02.03.2021



Пролет.
Полека целата природа се разбудува. Некои растенија се напупени, некои веќе цветат или праќат полен, осеќам јас на моите очиња ☹

Време да се дурдисат градините и дворовите… Време кога имаме зголемена посетеност од хоби градинари. Идат кај нас во сепарацијата, млади, стари, жени, деца, добро упатени, почетници, и шо уште не. И со сите имаме посебен третман. Треба да им објасниш нешто за материјалот, нешто за намената, нешто како да се движат по плацот за да не ги согазе некој камион или некоја машина…

Вторник, попладне, температурите веќе накај пролеттни. На плацот влегува кола, по стар модел, ама солидна. Се движе со брзина од некои 2 до 3 км/ч, чекам да заврти и да застане за да видам шо е потребата. Застанува, се отвара вратата од кај шоферот, после минута-две "шоферот" успева да излезе од колата и полека потпирајќи се на колата ја заобиколува колата и доаѓа накај мене.
Добар ден – добар ден.
Човекот кој личеше дека има 80, а се движеше како да има 115 години, почна да ми раскажува како он неговата жена ја запознал на панаѓурот во Еинсиделн 1957 година, кога она работела како келнерка на штандот од женското спортско друштво и ако била учителка, и како они после се земале и како си имале деца кои сега работат во банка и дека си направиле куќа која имала ногу убав двор и КАКО сега за тој двор му требело малку песок.
Гут.
Му објаснав каде има таков песок како нему му треба и му наплатив унапред да не мора да излева пак од колата …
Полека се заврти и си влези во колата. Ама на задното десно седиште ☹
После неколку моменти му текна дека он е тиа што го "управува" возилото и ајде полецка си испадна и влези на вистинскот место.
Тргна, се паркира до купот со саканиот песок, и после веќе не се видоме.
Изгледа замина…

Да од тиа работи ме фаќа страв. Да не согазам некој оваков муштерија или некое дете кое трче по песокот мислејќи дека тоа е големо место за играење…

Ме фаќа страв и кога ќе видам вакви примери кои слободно се движат со возилата по патиштата на Швајцарската Конфедерација, по тие патишта по кои за некоја недела се спремам пак со моторот да ги шпартам….

Во секој случај, пролетта ги разбудува СИТЕ, сакале ние или не.









# 8-ми Март.

gordan 08.03.2021




Ден на жената. Така и јас некако се осеќам, трудно. Да вчера беше убав ден, до некаде. После точно година и кусур се собра една убава екипичка на поседенка. Се видуваме со човеците у минатата година, поединечно, нели корона, протоколи, забрани … И така вчера смогнаме сили и храброст и се собраме. Пред да ни уведат уште построги мерки на заштита. Убаво друштво, убав муабет и ногу алкохол. Е до тука, до муабетот сето беше арно, тоа алкохолот, направи да се осеќам како да некој стиснал "ресет"! Цела година се однадуиме на млак оѓин и вчера, а заебаме работта.

Е сега може да бараме оправдувања,
Ај по повод 8ми март!
Ами не се собираме секој ден!
Еми еднаш и јас имам право да се поднапиам…

Сето тоа е гола вода. Факт е дека воа беше класично "сринување", скроз. Нормално денеска владее: не пиам веќе! Ама од искуство знам дека тоа нема да трае ни до следниот викенд… Да се окикиравам малце и пак ќе бидам спремен!

Ама од друга страна стварно ми требеше воа "ресетот" малку да се свестам, малку да се опуштам и малку да се оттргнам од тиа секојдневните масирања со забрани, одбрани и ограничувања…

Ете, денеска си нарачав гуми за моторката, и добромисла нека е ќе почниме да ја спремаме за сезоната. Воа тука (интернетот и инштаграмот) може ќе пати малку.

А ДА!
СРЕЌЕН 8-МИ МАРТ!!! НА СИТЕ ПРИПАДНИЧКИ НА ЖЕНСКАТА ВЕРОИСПОВЕСТ!



# Пролетни мисли

gordan 21.03.2021




Вирус
Епидемија
Вакцинирање
Ограничувања
Затворено
Миете ги рацете
Супер стар
Супер глас
Педери у реклама за Велигден
Лезбејки во борба за права
Евреи кои 100 години малеат
Фирми шо ти продават топол воздух
Европа
Нато
Попис
Не попис
Песна за "евровизија"
…..

И после тиа педерсколезбејскисоцијалистичкиеврејски медиуми ќе не "масират" со песмата "Јерусалема" која треба да ни ги врати радоста и оптимизмот во животот.
Сакам само едно да кажам, на мој мајчин јазик, на Македонски/кавадаречки:
"АБЕ ОЈТЕ СИТЕ У ПИЗДУ МАТЕР!"



Последните неколку недели и ако во чекање и вонредна ситуација, пак некако поминаа турболентно. И покрај тоа шо НИШТО не се работеше, време за нешто да потераш некако не се најди.
Последните денови, недели, имаше доста добри прилики да се направе по некоја интересна фотографија.
Благодарам на променливите временски услови!
И така од ден во ден “убавите‟ фотографии ги оставаме за да наеднаш сите ги провериме. И дојде сабота. И оп, наеднаш само од саботата еден куп интересни фотографии.
Така си направиме еден албум, само од сабота, а другите фотографии ќе ги објавиме со “месечниот преглед‟ за месец март.

Тие денови и активно се работе на припреми на мото сезоната 2021. Моторката скоро скроз спремна, ама одамна планираниот “фото систем‟ и оваа зима нема да се оствари.

Здравје, “за напред‟!

# für deutsch, drucken sie bitte die eins…

gordan 05.04.2021




"Beschwerde wegen Urheberrechtsverletzung — Einspruch erhoben.
In diesem Video wurde urheberrechtlich geschütztes Material gefunden.
Der Urheberrechtsinhaber überprüft deinen Einspruch."

или по нашки:
"Жалба за повреда на авторски права – подигнат е приговор.
Материјал заштитен со авторски права е пронајден во ова видео.
Сопственикот на авторските права ќе ја разгледа вашата жалба."
На секое второ видео шо ќе го ставам на youtube се појавува оваа порака. И после јас му пишувам дека музиката е купена со програмата со која ги преработувам видеата и после они ќе речат – гут, може да а користиш.
И така со години…

"Шетам" по интернетот и ОП, ќе видам некој напис кој е збогатен со видео.
Нормално го "кликнуваш" и сакаш да го збогатиш читаното.
АМА – СТОП!!! прво неколку секунди РЕКЛАМИ!
Зошто некој мисле дека јас баш тој момент, кога сакам да видам нов модел на некој мотор или фото камера, ќе се одлучам и ќе одам да земам кредит за куќа????

Со години човештвото одредени работи ги отстапува на компјутерите да им ги работат. И со години ТЕМЕЛНО се работе да извесни групи на луѓе се

"заштитат" зад тие компјутери. Изјавата: "шо да правиме, компјутерот згрешил!" е веќе стара, изживеана, изветвена, глупа АМА уште наголемо се користе! Првиот мој компјутер беше од некоја непозната марка со процесор intel i386 и без харддиск! Од тогаш, тоа беше 1992, до ден денешен НИТУ ЕДЕН од компјутерите шо сум ги имал и кои сега ги имам – НЕ ЗГРЕШИЛ!!!
Затоа шо СИТЕ компјутери се направени да го работат тоа ти шо ќе му го кажиш!!!

ДА!
во последно време ногу ме нервират работите кога морам да се расправам со "компјутери"! Да, светЦките фирми имаат "хотлаајн" ама и таму кога ќе се јавиш ти лафе компјутерски генерирана порака, која со минути те моле да стиснеш1, 2 или 3…
Нервират работи кога за една најобична грешна испорака ќе треба да пишуваш десетици е-мајлови, за на крајот да се смота работта.

НЕРВИРА, денешното општество кое се повеќе се ориентира на профит. Се создадоја машинерии за да се открие последното можно цедење на последната паричка од нормалната раја. Со секој "клик" некој ѓоа крлеж ти се уфрла у животот и сака да буричка по твоето купче со пари.

Понекогаш се прашувам која е смислата на нашето овоземско постоење? Да бидиме извор на профит на едни или "експериментни глувчиња" на други? Колку сме неважни како поеднци за сите.
ДА, ци речиш, кур ме боле ја ци живеам како мене ми одговара и не се секирам за ништо! АМА ЈОК – Ѓоката од наму шо замислил да заработува на вакцини, вика: "дете, да фаниш да се вакцинираш оти нема шетање!!!"
И така, пак ќе дојдиме на наа старата: "магарето или змијата ???"

# Пролет 21

gordan 04.05.2021




Пролет која како пролет не се покажа ногу. Се тегаве со денови, недели, никако да расцвете салам. Јас како љубител на фотографијата и моторциклизмот сум дури дупло потрефен! Од една страна срамежливата пролет не ги расцвети дрвата како шо доликува, а од друга страна врнежливото и ладно време не дозволува да уживаш во природата…
А тоа, тмурното и нестабилно време се одразува и на расположението мое и на тие околу мене. Нема свежина ☹ .



Еве повеќе од месец помина, а јас не сум нашол ништо сходно за да запишам. А шо ќе запише човек? Не шибнаа у "корона модус" и сај не рибат и работат како си сакат. Утепуе човеци, ваа ситуација не утепуе полека и сигурно, психички. Не ни ти треба ни НАТО ни тенкови, бумби уште помалку. Пушти некој вирус и "убав" муабет и му еба мамицата на човештвото.

Во цел тој вакуум, некаде налетав на информација за спроведување на "Фото-маратон" и тоа во еден од моите најсакани градови, Луцерн. Без големо размислување одма стиснав "ентер" и ете го Гого во Луцерн, на 1ви Мај на "фото-маратон". Покрај интересниот формат, има и некоја награда да се добие, ако направиш добра фотографија, најдобра де. Исто така и можност да се фотографира со новите систем камери (без огледални) па си викаш ајде, ќе го споиме убавото со корисното. Ќе видиме како е таа "нова" технологија…
Со добра волја и ногу радост отидов на зборното место. И тука ми стана јасно – Гого нема да добие никаква награда. Кога ги видов "колегите" со нивни камери, по неколку, со нивни објективи, цели торби полни, со стативи на ранците, термоси, опремени ѓоа ќе се води последен бој, ми стана јасно, Гого, ти со раците у џебовите и добра волја не си спремен за победи…
Нејси, помина. Така тмурен и влажен ден… уште ни едно слико не сум видел од "конкуренцијата", а може и никогаш нема да се виде. А да, рекоа дека наградените ќе бидат испечатени на хартија и ќе се направе мала изложба.

Во секој случај, јас сум побогат за уште едно сознание и уште едно искуство. Сознание, Гого не може ( и не знам дали ќе можам некогаш) да фотографира по налог!

И така со добра волја и многу надеж влегоме во мај и се надеваме дека до крајот на месецот барем малку пролет ќе осетиме, малку…

# ( празно )

gordan 11.05.2021



Боли. Да е заб, ќе го извадиш, плукнуваш два-три пати крв и ќе го заборавиш. Ама душа е. Душата кога боли што да прави човек. Што да исплука човек, по кој? А како не ќе боли кога ќе ти го срушат цел Свет во кој си верувал. Кога не може да сфатиш како можат да се родат такви створови. Каква диплома треба да имаш за да тој што чека и се надева на помош од тебе, не само што не му помагаш туку и уште повеќе го уништуваш? Дали стварно има Господ и гледа? Ајде на наш начин, по Македонски, "Ќути, има и по лошо…" или "Поминувачка нека има…"
Господ нека ни дава сила, а и љубовта помеѓу нас да биде посилна од сите демони!

# ДУПЕЊЕ, или боцкање….

gordan 21.05.2021




Буцнат ли си???
После секое второ добар ден – здраво, оди прашањето: буцнат ли си?
После нешто повеќе од 16 месеци запалиме авионот и правец Кавадарци. До неколку саати пред полетување не се знаеше дали ќе успее ова толку долго чекано патување. И бидна. Со малку повеќе организација и додатни документи тргнав. Тргнав со чуден осет и неизвесност. Минатата година и кусур убаво не однадиа. Ни направија да не само што не може да се радуваш, туку и да се осеќаш како кривец. Да имаш немир и страв од средбите со ближните ти твои и сакани човеци.
Оти јас не сум буцнат и не знам кој е!!!
Шеташ по чаршијата која гордо и се спротивставува на пандемијата и сите «мерки» и гледаш дека сака да изиграва некоја нормалност. Шеташ и ги гледаш човеците у очите. Ги гледаш у очите а ваму мозокот ги врте тие очи како слот машина и покушуваш да ги ставиш на «вистинското» лице.
ШТРАК – добивка!
Добар ден,
-добар ден,
буцнат ли си?
Да Швајцарската Конфедерација одлучи да патниците од Македонија немораат да седат по десет денови во карантен, па пропорционално авионските карти достигнаа цени на ниво од времето на конфликтите по просторите на поранешна Југославија. После и документ треба (не бе од Наумчев!) , документ кој потврдува дека немаш вирус, и кој кошта одприлика како една нормална карта во два правци. И ОП, може да летаме.
Слушај, воа «полицииските час» може да го оставите за век и вековја, АМИН. Мене ме бендисува, ногу. Шо беа тие оргии со "фамилијарни" пици и пивишта до два три саатот ноќеска? Убавини бре брат, 11, 11:15 последната пиачка и фаќај патот за да до 12 стигниш дома.
Да средбите беа ретки и некако избегнувани, ама па затоа поседенките со

блиските, по чести и по интензивни, а после трето, четврто пиво… шо да ти расправам, убавини. И тука на тие средби, пак ќе ја разбуричкаме сета апсурдност на ситуацијата наречена заштитни мерки од пандемијата.
Треба да шеташ по градот со маска на лицето ѓоа некое куче од опасите раси, а купови на народ кои стоат или седат по «терасите» можат да се лигават до безкрај .



За да се качиш во авион и одлеташ до саканата дестинација потребни се неколку документи и секако тест.
А патниците кои патуваат со автомобил преку незнам колку држави, ништо, они треба да се «самоодговорни» ?!?!?
Да, после незнам колку пати летање со нискобуџетните авиокомпании си нарачав кафе (за пари) да пиам во авионот. Знам тоа е од ноа шо на Земјата ниту каа сум најногу пиан не го пиам, ама фактот дека додека пиеш кафе смееш да ја симниш маската вредеше да се жртвувам. Тоа е едно од ретките, ма единствено кафе, кое сум го пиел саат и четириесет минути!!!
А ваа пата и самиот лет беше чуден, полета во пролет на 21ви мај во Скопје и слета во есен на 21ви мај во Базел…
И така, кучињата ци лаат, караваните ќе врват…. а нас ќе не масират до безкрај.

# УБАВ СВЕТ!!!

gordan 31.05.2021



Јас секогаш кога ќе дојдела прилика, а и тука неколку пати, кажувам дека никогаш не сум имал "моја песна", "моја група", "мој пејач/ка", "мој клуб", "мој идол"…
Уште како дете и ако не сум знаел за Божјото: "не прави слика од мене!", не сум сакал да бидам како некој, т.е. демек "мој идол". Сум се восхитувал (и се восхитувам уште) на поединечни личности, ама секогаш сум сакал да бидам подобар од нив! Тоа е друга работа шо никогаш не сум го постигнал тоа, (ама има време ☺ )
Никогаш не сум можел да ги разберам "навивачите" на одредени спортски клубови кои "живеат само за клубот!?!?!?" и кои се во состојба да се испотепат со ближните си свои за само да го одбранат клубот кој толку многу им значи!!!!
Ама тоа е најмалото зло.
Сведоци сме како Светот полека ама сигурно заминува во безредие.
Ако имаш нешто против педерите, ти си несовремен.
Ако ставаш само месо на скарата, ти си заостанат.
Ако имаш свое мислење, ти си криво дрво.
Тука можам да набројам уште дузена други примери и на крајот пак ќе дојдам на ноа, дека у денешно време не е нормално да си нормален.
Од друга страна сами сме си криви, т.е. сами си го правиме да ни биде така. Притиснати и "ставени у ред" од "социјалните мрежи" и електронските медиуми, сите ние си правиме имагинарен Свет кој сакаме да го презентираме пред нашите "пријатели" и "следбеници"!
Уште минатиот Век јас си се занимавам со фотографија. Сум давал годишно пари за филмови и фотографии колку други човеци за годишен одмор. И после

дојде дигиталната технологија и во фотографијата. Јас мислев дека тоа ќе биде спас за хоби фотографите како мене. Штракаш, сликаш до без свест и на крајот ќе си одбериш една две фотографии за презентирање.
И така беше. Почнаме со дигитална камера со некои си 4 МегаПиксел, и си сликаме и си играеме на компјутерот со "фотошоп".
Да, тогаш компјутерите можеа толку, една сликичка од 2 МегаБајти, а обработуваа (да смениш малку светлина или да ја "пресечиш") неколку минути, а за да ја пратиш до Македонија по Е-Мајл траеше 15 – 20 минути…
И така сега во лето Господово 2021-во, имаме можност да фотографираме со мобилните "телефони" и во дел од секундата ги споделиме тие фотографии со цел Свет. Не ти треба ни фото камера, ниту компјутер, ниту фотошоп. МобиЉката со својата "вештачка интелигенција" ти ги брка сите работи. Ќе а направе сликата ѓоа ваквоа, ич да не се мачиш ти да мислиш…
За жал (или за среќа) јас сум од таа страна пак "заостанат". Уште фотографирам со фото камери, фотографиите уште ги "обработувам" у фотошоп (светлина, контраст, големина) и не сум љубител на никакви "вештачко интелигентни филтри". ДА, моите фотографии не собираат стотици "лајкови" и "срца" по социјалните мрежи, ама јас како дете на социјализмот сум навикнат да "работам" за "доброто на народот". А и немам ногу "пријатели" и "следбеници" по тоа мрежите. 96% од тиа "пријателите" и "следбениците" стварно лично ги познавам. А и од тиа се помалку се тие шо се интересираат за моите фотографии или мисли.
Од кога прекинав да се мешам у дневната политика и од кога престанав да пишувам мои мислења за најобичните работи, некако станав не интересен за широките маси. Ти викам не е нормално да си нормален. Ако не кудиш, ако не ги пцуиш, ако не се траќаш до несвест по интернетот, заштитен со кабелот и антивирусот, ништо од тебе. Ама тоа изуопште не ме потрефува. Еден ден, порано или покасно ќе снемат струја сите виа блогери, инфлуенцери, "дактилографи" и уште каков ли сѐ не олош шо ни солат памет како да го живееме животот современо, рамо до рамо со еЛЏиБиТи комуната и сличните на нив.
Пред некој ден поради "теренски" услови бев принуден да направам некоја си фотографија со мобиЉката… Пробував, да исклучам "вештачката интелигенција" на мојот интелигентен телефон, ама не бев толку интелигентен да го сторам тоа, или он се праве по интелигентен па го спречува тоа. И така, утврдив дека сите тие белосветЦки солачи на памет у ствари не дека они сакат така да фотографираат – не оди инаку со мобиљката!
ДА, тие фотографии "светат" бојата им прелива… ама тоа ли е тоа?
Шо сакаме да пренесиме на посматрачот? Боја шо не постои, илузија во која и ние не веруваме? ДА, има уметници кои работат на композициска фотографија, има уметници. АМА брате,ај не ми претеруј со плавото на морето или зеленото на шумата…
Пред некој ден, на мој пост на мојата ми најсакана платформа, фацебукот, Трајан постави прашање, "зошто сум го советувал да купи оваква или онаква фото камера, кога од телефонот (мобиљката) излеваат "поубави" фотографии?
И да. Јас самиот се замислив, дали стварно се потребни фото камери, тешки и скапи, кога една "плочка" од телефон со своите 48 МегаПиксли прави фотографии окото да ти остане на нив.
И се разбуричкав, почнав да споредувам, почнав да мерам…

И ДА. Дојдов до заклучок (кој одамна го знаев) дека едното со другото нема врска. На таа мала плочка, наречена мобиЉка, или во народот позната како "интелигентен телефон" (или смартфон – по новомакеднски), фотографиите од неа, допринесена од "вештачката интелигенција", изгледаат подобро.
Е сега, "растегни" ги тие две фотографии на 27" монитор – и ќе ја видиш разликата помеѓи сензор и објектив со неколку центиметри дупка и сензор и објектив во големина на зрно од ориз….
Нејси, јас и понатаму ќе влечам камери со неколку килограми тежина и ќе се надевам дека СЕГА ќе направам фотографија која заслужува да биде врамена во 90 x 60 цм (такви се прават по неколку во годината… ϑ )
Радоста на "мармеладезираните" фотографии ќе им ја оставам на инстант фотографите од нашето маало, кои ги има се повеќе и повеќе…

Друго. Другото мое хоби. Возење мотор за ништо и без цел. Само така, колку да помине време и километри. И тоа веќе не е интересно. Од каа го измислија воа "протоколи за борба против короната", многу очјани домаќини и домаќинки го открија моторциклизмот, демек слобода. И така во ова парче земја, наречено "Швајцарска Конфедерација" секој шо може купува мотор и ајде по патиштата. Па така сега не само шо "вистинските" моторџии кои возат Харли Девидсон, не одпоздравуваат, туку полека и секој втор на мотор не го прави тоа оти не знае ни зошто постои моторџиискиот поздрав. Јас сите ги поздравува, така ми е навиката. А виа на Харли Девидсон дури уште "појако" кога се возам со скутерот ϑ
А возењето по патиштата на Швајцарската Конфедерација постанува сѐ по не интересно, или ногу сообраќај, или работа по патиштата или од ниа "автоматските фотографи"!!!
Па така човек е приморан да си најде по некое делче од убавите работи и да си го направи животот убав, на овој УБАВ СВЕТ!!!

# Стрпление, спасение…

gordan 07.06.2021




Јас со години station наназад времето го утепувам покрај другото и со фотографијата. И покрај тоа шо правам илјадници фотографии годишно, никогаш не сум се рачунал дека сум "професионалец" само за тоа што имам "професионални" фото камери или Бог да чува на фотографијата да напишам Ристовски ФотографИ!!! 99,5 % од фотографиите кои јас ги фотографирам настануваат на моите прошетки, излети и возења со моторот. Од тие 99,5% може да се рече дека едно 5% се "употребливи", т.е. без да се срамам може да ги ставам во некоја изложбена поставка. Нормално и поголемиот дел од фотографии со мала или малку поголема обработка човек може да ги дурдиса ѓоа ваквоа, ама ниту имам желба ниту потреба тоа да го правам.

Манипулацијата на фотографијата од секогаш била спорна. Едните се скроз дистанцирани од тоа, другите пак ја гледаат манипулацијата како уметнички израз. И шо е манипулација на фотографијата??? Дали ако фаниш и во "фотошоп" ја преправиш да нема врска со стварноста или е манипулација и студиската фотографија која под контролирано (наштелувано и изманипулирано) светло настанува???

Лани си спроведував едно проектче, "една година –еден објектив". Цела година фотографирав со 50 милиметарски објектив. Направив куп фотографии, од кои многу интересни и мили фотографии.
На еден од нашите излети "случајно" го видов "Ѓаволскиот мост" крај Андермат, од друга, за мене нова перспектива (од воз). Нормално следното мое возење ме однеси токму таму и почнав да ја барам таа перспектива – пешки. Да, најдов

нешто слично. Направив не знам колку фотографии од кои доста беа добри и употребливи, ама ни една таква како што сакав.
Тоа  беше условено од ограниченоста на 50 милиметарскиот објектив.



Нешто повеќе од година. Патот повторно ме однеси на таа страна. Но овој пат ‟наоружан‟ со нај широкоаголниот објектив кој го имам.
И ‟шкрап‟…
Бидна.




Прашање е сега дали тоа не е манипулација на фотографијата?
Кога со месеци чекаш, организираш, и одиш во дадено време на дадено место да направиш фотографија??? Прашање дали ќе беше повеќе манипулација да лани 18 фотографии ги ‟залепам‟ во една и направам тоа што го замислувам, или е манипулација да чекаш и ги ‟штелуваш‟ сите околности да одговарат на тоа шо си го замислил.

Во секој случај, и тоа и тоа е убаво за очите на посматрачот!!!

# За ништо…

gordan 21.06.2021




Вчера, сабота, уште сабајле, си викам ајде јас прв, заминав со моторката. До моментот на тргнувањето не бев одлучен каде, важно некој планински превој. Времето така малку облачно, ама со потенцијал да се разубаве. Си викам идеални услови за фотографирање, ајде на Фурка!
Ноа со "прв", не испадна ништо. Имало уште неколку (стотици) шо мислеле исто. А облаците испаднаа дека не се само облаци, туку и прашина, од Сахара. И така сето тоа се сведи на едно убаво возење со моторот.
После тоа, после возењето, шо од возењето, шо од пивата после ручекот, шо од тоа тмурното време некако се уклучив у прва спора.
И трае. трае еве до сега, недела навечер.

Да, човек ќе каже гледај фудбал! Ете има "ЕУРО 2020"!
ШОООО?!?!? Фудбал? Тоа не е за мене. Нека си играат децата. Нека се радуват и они и милиони други. Ама јас не гледам ништо интересно каа дваесет и кусур човеци се лигават по тоа травата и ја сокапуват тоа топката од пуцање. ПЛУС, у денешно време, каа сите сме ограничени од короната и сите се бориме за заштита на човековата околина, воа со играењето на цел континент некако ми е ептен одвратно.
Да, јас имам респект и почит спрема извесни играчи, кои си трчкат, дават голови и со тоа си обезбедуваат за животот. АМА јас немам ништо од тоа, од него. ЕКСПЕРТИТЕ ќе ми објаснат дека треба да навивам за сопствената репрезентација, (јас дури две си имам ☺ ) АМА јас сум убеден, успехот на репрезентацијата, е успех на тиа деца, нивните родители и фамилии, И ТОЛКУ. Ако некој од "моите репрезентации" даде гол, јас немам никаква придобивка од тоа, мравките на терасата пак јас треба да ги бркам. Пак ќе кажам, успехот на тиа деца е нивен личен, и јас го респектирам. Ама се додека има трет играч (па дури и четврти – видео) помеѓу репрезентациите и ги има тие глупи правила,

Гого не е спремен да си го губи времето на гледање како некои си "играат топка".

Да, некој не може да го сфани и моето безцелно возење низ историјата и просторт со мотор постар од многу денешни држави.
Некој не може да ги сфане човеците со ниа стапчињата на бреговите на реките и езерата кои со саати потполно концентрирани чекат да фанат рипче.
Некој неможе да ги сфане ниа со точаци кои и по нај жешкото упорно накачуваат некои си нагорнини.

Човеците се чудни суштества кои секој си живее во својот свет Универзум, и кога ќе научиме сите да си се почитуваме меѓусебно ќе ни биде убаво….
Резимето од последниот викенд (редовиве ги допишувам во понеделник вчера не бе мотивиран ИЧ) можам да кажам дека е и покрај тегавоста, имам веома врло доста добра искористеност на фотографии. Се радувам на тоа и на денешниот ден, кој благодарение на Пане ми почна доста врло веома интересно!



Значи денеска и официјално почнува летото и новата недела и се надевам дека ќе се случуваат интересни работи ЦЕЛО лето.

# да не си у негова кожа…

gordan 28.06.2021




"За да правите добри фотографии не ви треба најскапата камера и најскапиот објектив!"

Има така периоди кога некако ништо не ме интересира и мотивацијата за да се работе било што е падната накај 0 (со зборови НУЛА). У тиа "тешки" времиња утеха наоѓам по интернетот. Најлесно е у денешно време да си направиш кафе, си го ставиш до компјутерот и почниш со ВеВеВе.
Така ќе завртам од мотори на фотографија, па на некои си машини и на тој начин мозокот ми е на паша. Секогаш на тиа мои лутања по јутубето и интернетот налетувам на интересни сознаниа и идеи. До душа сите тие беолосветЦки блогери, инфлуенцери или како шо уште не самонаречени експерти се "тажни души" кои се во потрага по сопственото ЈАС.
Признавам, на мојот јутубе канал имам поставено еден куп видеа, ама јас не му расправам на човештвото како да со го средат својот живот по нормата ISO 9001. Јас со моите 50 и кусур години ако ништо друго, едно сфатив. Секој си е градител на својата судбина. Ногу е лесно на друг, од страна, да му кажиш како треба да живее… Мама вика : "да не си у негова кожа!"




Друга активност која ми помага да го утепам воа денешно време/невреме е и возењето (без целно) со моторот. Уште каа дете дури воземе “пони‟ точаци сонуваме да возиме некој ТОМОС. Каа почнаме да возиме ТОМОС сакаме некој по голем мотор со брзини. Па после да бил ваков или наков, па ваа марка, наа марка. И така некогаш ќе си ги истрошиш желбите, или пак, потребите, удобноста и употребливоста ќе ти предначат во изборот на мотор пред соништата и желбите. Ќе бидиш среќен шо имаш возило кои задоволува поголемиот дел од твоите потреби и побарувачки.
Од дамна веќе не се рачунам у моторџиите. Од дамна веќе моторот го користам како дел за разубавување на мојот живот. Од дамна моторот не е во центар на мојот живот. Уживам, уживам дури и поубаво од колку пред 30 – 40 години во возењето на мотори, ама моторџија – не, фала.
На тиа мои возења се “сокапувам‟ од фотографирање, а во последно време видео-камерата ги бележи интересните предели.
За кого и зошто?
Е прашањето кое во последно време си го поставувам. Убаво е кога имаш можност, убавите видени работи да ги пренесиш на некој. Да заштедиш некој збор, нели една фотографија илјада зборови ☺
Ама во последно време и тоа ми стана банално. Од кога не се учествува на некои си изложби, од кога и самиот се откажав од организирање на било какви изложби, илјадници фотографии се паркирани по “хард-дисковите‟ на компјутерите и чекаат ЕНТЕР, за да испаднат барем на мониторот.
Затоа пак си резервирав две три места во Светот наречен “интернет‟.
И таму (тука), кога ќе ми се отворе дизната ќе изнаставам фотографии и видеа. Кој, колку, дали и зошто ги гледа до ден денешен не знам. Ама издишок и смирување на душата – има.
Еве сега се повеќе имам потреба тука (по интернетот) да се празнам, па кој милува и кој го интересира – бујрум, разлистај те по фотографиите. Не кошта ништо, освен некоја минута од милијардите минути од вашиот живот.
И на крајот. Шо е битно шо јас пишувам, сликам… Секој може да а заврте ваа како му одговара. За тоа шо пак ќе се вратам на наа од почетокот:
“За да правите добри фотографии не ви треба најскапата камера и најскапиот објектив!‟
е изјавата на многубројни извикани фотографи и мајстори на фотографијата. А кога НИВ ќе ги прашаш со шо камера/објектив фотографираат СИТЕ имаат

опрема со која нормалниот смртник може да си купи убава кола, да отиде на одмор (неколку години) и пак ќе остане за неколку вечери/ручоци у неколку ресторанти…
Сите ние сме каа наа, шо се вика по Швајцаријата:
"Проповеда вино, а самиот он шлока вино!"

# Стара љубов, не р'ѓосува…

gordan 30.06.2021



Спомнав ли веќе?
"За да правите добри фотографии не ви треба скапа камера и скап објектив!"

Како во секој сегмент на животот, така и во "хоби фотографијата" го слушаме ноа: тебе не ти треба не знам што за да постигнеш добри резултати.
Ама реалноста е ептен друга. Човечкото его и око не ни дозволува да падниме толку долу! Па "нормалното" не нѐ задоволува и како секој нормален човек си купуваме работи за кои мислиме дека не прават по добри.

Почетокот на овој Век полека почна да се пробива дигитализацијата во фотографијата. Како и секоја нова технологија и ова беше "резервирано" за мал дел на избраници (читај – кој има пари може да си купи).
Тоа што ни беше нас, обичните смртници, достапно беа компактните дигитални камери. Кај мене прво беше компактна со 4 мега-пиксли, па првата системска камера со 10… и после се повеќе ме предизвикуваше радозналоста да набавам "малку по добра камера, малку по добар објектив…"
И така дојди еден момент кога Гого помина на "L" објективите од мојата најсакана марка CANON. Првиот таков беше, тогаш многу фален, а сега легенда, EF 24-105. До ден денешен користен и сакан од моја страна. Љубовта ни ја начара една мала гребнатинка  на предната леќа. Тогаш, кога ја открив гребнатинката, веднаш пробав да стапам со сервисерите од CANON  за да ја доведат во гланц нашата љубов. Господата од CANON не осеќаа некоја потреба

да помогнат или поправат ситуацијата, па така со години EF-от 24-105 прави фотографии кои ми го разубавуваат секојдневието. И не ми сметаше, а па не се ни приметуваше дека објективот има гребнатинка… Не сметаше до – "вчера".




Камерите ја имаат таа особина да ни прашина, ни гребнатинки на објективот го "регистрираат", едноставо тиа работи се надвор од фокусното поле па не сматаат на никој, СЕ ДОДЕКА не светне Сонцето или некој светлосен извор директално на нив. Е тогаш брату или ќе ја продаваш фотографијата како уметност или како романтика или жив има да се јадиш шо не си го избришал објективот. Иначе на ова место одма да дадам еден пријателски совет, кој јас го добив од еден пријател, мајстор на фотографијата:
"Никогаш не ги бриши објективите со маицата, џемперот, палтото кои ги носиш!!!" (го кажа тоа и го избриша објективот со маицата…)

И сега еве три денови се мислам дали да се обнови објективот, или како и досега си штракаме со него и да во 99,87% од ситуациите сме среќни…

Да, изгледа ќе се продаваат фотографиите како уметност.

Така е и со сè во животот. Може ќе ти "служи" ќе ти брка работа и ти нема ни на крај памет да го ставиш и помислиш колку е тоа добро шо ти служи толку верно, ама САМО ЕДЕНАШ ако направе не како шо е по твое очекување – одма не го бива! Илјадниците други свршени работи одма се заборават.

# не филтрирано!

gordan 05.07.2021




После мојата „филтерска оргија" во епохата на аналогна фотографија, кога на моменти имав неколку десетици филтри, со започнавање во дигиталната фотографија, сведов на два филтри, сив филтри и POL филтр. За жал, никогаш не бев навистина задоволен од резултатите. Затоа секогаш фотографирам БЕЗ филтер. НО секогаш сум повторно во искушение да испробам нешто со филтер, и секојпат наново разочаран
АМА СЕГА ЗНАМ! Ако фотографијата не е "остра" или фокусот забеган, јас ја земам во ФОТОШОП и ја правам уште повеќе "замачкана"! И тоа после го "продавам" како "Уметничко толкување"!

# Со наведната глава…

gordan 12.07.2021




Пролетта која не бидна салам пролет, лето кое не сака вистински да почне, метеоролози кои ни два дена унапред можат да го потрефат времето, корона со која не рибат како сакат, на напред и на назад…

Сабота, навечер, после вестите, во 8 саатот: “Времето е врнежливо и така ќе остане до првата половина на ноќта. Од утре наутро разведрување и во недела ќе уживаме во убавото и сончево време….“

Недела наутро. Облачно но со првите сончеви зраци кои се пробиваат меѓу облаците. Риги, “Кралицата на планините“, половина во облаци половина разведрена, и нели чичко Бухели вчера речи дека се по убаво ќе биде времето, правец Риги!

Денот беше во знакот на водата, водата во сите свои состојби. Шо вирчиња, шо магла, шо облаци и влага секаде. АМА поубав ден за прошетка по Риги човек не можеше да одбере….
Јас не сум некој шо ногу шета по ридјето, ама неколку пати годишно ја откривам Швајцаријата и пешки. Во минатите години беше интересно шо на секое наше лутање по планините, кога ќе сретнеш некој шо исто така го бара мирот во висините, се поздравуваме ако не со повеќе барем со едно “здраво“.

Ама во последната година, и еве оваа продолжува, кога ногу повеќе луѓе се принудени да одморите ги поминуваат дома, имам забележано дека покрај “инстант моторџиите“ и виа планинарите само со наведната глава лутат низ

времето и просторот без потреба некој да поздрават или отпоздравуваат…
Има, и тоа е поголемиот дел од планинарите кои поздравуваат, ама се повеќе ги има ние “планинари од нужда“ кои облечени у најскапи облеки, со нај јаките чевли и ранци мислиш на годишен одмор ќе одат, и наведнати глави ги газат ридските патеки, без потреба да поздрават некој или не дај Боже да отпоздрават…

Јас како “амбициониран фотоаматер“ кој чат-пат и по некоја изложба си организира, ногу сум среќен кога има денови на кој ќе ми се погоде некоја фотографија и за која самиот сум убеден дека е вредна за изложба, т.е. да се покаже на народот. Такви фотографии се ретки и не настануваат секој ден, ама вчерашниот ден и покрај тоа или баш за тоа што беше магловит, направи да сум радосен, на една – две фотографии.

» Риги, 11.07.2021

# Кој е “болен“ ???

gordan 15.07.2021




Вечната и нерешливата дилема од Македонската митологија: магарето или змијата?*
Ете тоа не прати и по белиот Свет.
Не прати во овие моменти кога ќе сфатиш дека си никој и ништо.
Не прати кога ќе сфатиш дека мора да го играиш орото кои други го свират, ако не сакаш да бидиш гледач од преку плотот.

Логика, човечност, здрав разум, шо е тоа??? сега кога треба да се жнее??? ма исклучи мозокот и напрчи се!
Сега кога е грев да си здрав.

Израснав и учев во Социјалистичка Република Македонија, како дел на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. ДА, бев поносен Титов пионер (не толку поносен војник на ЈНА). Учев од Баба, Мама, Тато, комшиите, роднините, учителите, од коларите пред "АНГРОто", од Бранко Коцкица… И едно шо и ден денешен можам да кажам дека го научив, е тоа шо научив да го користам мојот разум. Учев кога мојот Свет беше аналоген и социјалистички. Учев кога пријателствата се зацврстуваа со сокапани колена и сокинати панталони…

Да еволуцијата и напредокот го направија своето. А ние побрзаме да го фатиме "Чекорот со времето".
Нема социјализам, и 0 и 1 завладееја низ Светот и околината.

Господинот Берсет на почетокот од 2021во лето Господово: Во Швајцарија вакцината против Ковид 19 нема никогаш да биде задолжителна.
Господинот Берсет накај средината од од 2021во лето Господово: : Во Швајцарија вакцината против Ковид 19 нема никогаш да биде задолжителна.
Другата "господа" од "цивилизираната" Европа и Свет:
Ако сакаш на концерт – треба да си вакциниран!
Ако сакаш на утакмица – треба да си вакциниран!
Ако сакаш у авионот – треба да си вакциниран!
Ако сакаш да се видиш со твоите – треба да си вакциниран!
Ако сакаш јајцата да си ги ладиш у морето – треба да си вакциниран!
Не, никој не вика дека мора, треба. Ама ако не си буцнат ти требат еден куп документи за да докажеш дека преболен или имун.
ДА, ако си здрав, тогаш си проблем!!!
**И сега некој нека ми каже, кога во едно општество здравите се проблем, кој е заболен???**

За ноа да не лафиме, дека вакцините ниту штитат од зараза, ниту некој да не го заразиш. Ајде, ако те потрефе по лесно ќе поминиш – дај Боже.

И така Гого, и покрај сите конфликти у мојата логика, се соблечи и се напучи. Па кој ќе си преваре, магарето или змијата….*

* стара кавадаречка (Македонска) мудрост: "Магаре да ти го фукне или змија да те клукне?"

# Ногу вода, ногу слики …

gordan 20.07.2021



Има така денови кога ќе отвориш "архивот" на фотографии и ќе забележиш десетина дена нема "датум"!
Да, идат периоди кога стварно сѐ ти е сиво. И кога за се викаш, ај другиот пат, во друга прилика. За среќа по одамна не ме фанало пак такво нешто. Во последно време дури не можам да стигнам да си ги организирам фотографиите и видувањата. За среќа фанаа летните (школските) одмори па малку и работата у фирмата олабави малку па се наоѓа временце да си откиниме за нашите ни хибија….



Така и последната недела, дождови, поплави, магли, облаци, па и со години гледаните "мотиви" ги гледаш во ново издание. Фотографии, фотографии колку човек сака и може да праве. Па така се направија неколку фотографии кои се вредни да се покажат. Сабота, планирана да се искористи за понатамошно полнење на мемориската картичка. ТИКВИ! Прекршен ѓоа ваквоа морав дома да лежам, на лево, па на десно, па после неколку минути пак од поново…
Благодарност до најновата вакцина, сега знам како е да се има грип и сред лето!!!!
Па така, на "превртувањето" крадев по некоја минутка и штракав по клаптопот испробувајќи ја најновата верзија на омилената ми програма за создавање на фотоалбуми за на интернетот.
Испадна едно албумче. »»»»»




Си викам, гут. Утре ако можам ќе прошетаме до Брунен да го "заокружиме" албумот. Ќе дотуриме уште 3 – 4 фотографии и ете една убава целина за мокрото ни лето.
Арно ама, "**со домашен есап, на пазар не се оде**!" Од саканите 3 – 4, испаднаа десетина, па на сета озгора и сонце огреа со што  се отворија нови перспективи…
Почна со тоа шо с'нце огреа после незнам колку денови/недели, а јас требаше да одам до Кнонау, 25 – 30 км од дома.
Си викам ај да искористиме убавото време па ќе го споиме убавото со корисното. Ќе запалам моторката и ќе извозам едно кругче околу езеро, со посета на Кнонау.
И тргнав.
Таман стигнат у Кнонау, работата уште не завршена, си викам чим сум тука, може до Бремгартен да се извозе да видам како е тамо тоа со реката и каскадите, сега когаРојс скроз одринкан е…
А таму ни каскади ни бакрачи, сѐ рамно / поплавено…
Па таму си мислам, ами како е сега на водопадите на Рајна???
И шо, зар факултетот ни теже? (шо вика чи Пане!) врти моторката правец Ноихаузен на Рајна….
И така од планираните 50 – 60 км, испаднаа 240 и кусур …
И така од планираниот еден, испаднаа два албуми и еден видео запис…
Албум до сабота… »»»

[Албум недела »»»](#)
[Видео недела »»»](#)
п.с. еве денеска вторник, во меѓувреме има материјал и за уште еден албум и уште едно видео… ама полека, едно по едно!



# пењавил се не пењавил, пари сум давал…

gordan 26.07.2021



Комбинацијата на "Ковид 19" и "временска ситуација 21" направија да оваа година човек не може ништо однапред да си испланира. Или барем не ногу однапред. Така рачунајќи, гледајќи, кога да се извозиме со легендарната "Лок 7" на железниците на Риги, пред неколку недели одлучив да биде тоа 25 ЈУЛИ!!! Нели јули месец, лето воа ноа….

И така… Како се ближеше 25ти јас се повеќе сакав да верувам дека метеоролозите и ваа пата ќе згрешат.
АМА, дојде 25ти, на топло и (уште) суво тргнаме од дома. Риги беше квалитетно "поклопена" со облаци/магла и најавеното невреме можеше да почне секој момент.

АМА, пењавил се не пењавил, пари сум давал…

Првата средба со "Лок 7" ја имавме на Риги-Штафел, у квалитетна магла.

Средба на епохите!!!

Нарачуваш карти преку «www»
Плаќаш со «twint»
Добиваш карта со «QR code»

Се качуваш во возот, иде кондуктерот, проверува картата и традиционално а ваде «клештата» и праве дупка на картата! (од после си викам, арно нешто не одеше со тоа програмите, па картата а изпринтав, планирав да ја меморирам на мобиЉката 😁 )

Значи почна, собирањето на впечатоци.

Возењето како возење скоро исто како и со најновите возови на Риги, полека и удобно. Само што сега сето попратено со ниа звукот на парните возови познат од цртаните филмови…
Ама интересно е доживувањето да се возиш со машина која некој ја измислил и направил уште 1873 година и цели 64 години го возела ридот нагоре и надолу да после исто толку години биде изложена во Музејот во Луцерн за да на годишнината (150 години железница на Риги) повторно ги гази шините на првата запчеста железница во Европа….

А да! И времето беше на наша страна, на моменти дури и сонце огреа

фотографии »»»

видео »»»

# Дупка, рупа, лох (Loch) …

gordan 28.07.2021




Еве го одштампаме 28-от јули. Лето демек. Ваа година ама баш ИЧ не приметувам од летото. Освен "дупката" на работата, оваа година условена со временските услови, уште по голема. Традиционално во Швајцаријата последната недела во јули и првата во август се недели за годишен одмор. Заоставштина од времето на сезонските работници (до пред 20 години имаше голем број на само сезонски гастарбајтери) , се влечат секоја година вие две недели како шо вика мајка Љубица, "на теана ќотек". Салам фирма, не работе. Во сепарацијата 95% од муштериите се приватни лица, така наречени "хоби градители", по некој не способен градинар, фармери и уметници… Тоа било у последните 10 години така и во иднина така ќе биде. Само шо ваа година заради временските услови, горенаведените групи на градители се закочени и од невремето кое никако да заврше ваа пролет… Од годините, во овој годишен период или бевме на одмор или најконцентрирано се спремавме за на одмор. Ваа година сето тоа фале.

И така примерно доаѓам секој ден на работа и најголемиот дел од работното време го поминувам во чекање. Чекам да дојдат муштерии, чекам да се јаве газдата и да каже шо да работиме, чекам да дојде убаво време па да барем после работата извртам некој километар со моторката, чекам …

Моите фотографски сознанија почнав да ги собирам уште како дете. Прво како теорија за бројките и копчињата на фотокамерата на тато, таа солидна руска машина WERRA. После продолжив со секциите, Народна Техника, од фотографи, книги и списанија, да у последно време за сè што е ново и што ме

интересира ровам по воа интернетот. И тука "на интернетот" преди ногу години откривав човечиња кои поради својата пасија купуваа или добиваа најнови апарати и опрема на тестирање и за истите известуваа со своите искуства. Да бидиме искрени, не еднаш ми помогнале во некоја одлука.
Во последно време немав ногу време да ги следам, а и немам некоја потреба од совети, па така малку ги "испуштив" тие "инфлуенцери" и "блогери" во нивните откритија.

И сега пак. Овие денови, така чекајќи, по често го уклучувам ЈУТУБЕТО и ги проверував моите "стари пријатели", шо расправат за новостите на полето за фотографија. ЛЕЛЕ ЧОВЕЦИ!!!! Не можам да верувам на очите и ушите! Значи скоро сите од моите некогаш ценети *phothographY* забегале у филозофи и у психолози.
Колку ми беа интересни кога секој од нив си имаше по неколку стотици или не повеќе од 2-3000 "следбеници" и кога секој месец едвај едно видео ќе објавеа. Ама за тоа стварно интересно и поучно.
Гледам сега, сите они имат по неколку стотици следбеници и видеа се објавуваат, најмалку по две во неделата. И шо расправат? Наместо нешто од страна на техника и фотографија, расправаат за емоции, животна рамнотежа, сопствено пронаоѓање во просторот и времето, исполнување на соништата…

БОГ ДА ЧУВА!!!

АМА, ама гледаш тие шо се надарени за лафење имаат неколку стотици иљади следбеници, а тие шо останале на своите едно – две видеа месечно со конкретна информација за некој апарат, тие сиромашките уште имаат толку 500, 600 до 2000 следбеници.

Не е убаво воа шо ни го праве "Ковид19". Направи да секој за својот не успех или не способност се теше со тоа дека Универзумот е голем и за секој има место во него…

Еве денеска среда, префрли неделата, па останува уште една недела да истрпам некако "чекајќи". Или барем убаво време да ни пуштат, еве ќе бидам умен, чесен пионерски збор!

# Село горе, Рада се чешла…

gordan 08.08.2021




Македонија горе, Балканот горе, море цел југ на Европа горе.
Ги гледам сликите, немоќта на човеците да се справат со огнената стихија, ги гледам трагедиите на многу семејства, и се мислам.
Мислам шо направија со јазовите и одводните канали кои ги чистат после секоја поплава? Во каква состојба се? Со колку ѓубре се повторно наполнети?

И повторно, преплавени со акции, молби, добротворни организации, донации… социјалните мрежи горат од нив.
А да, Благодарност, голема БЛАГОДАРНОСТ, шо повторно се сетивте на "дијаспората"!!!

И повторно изненадени, како секој прв снег шо ги изненадува и најспремните директори.

А бе Гого, нели рекоме нема да а "управуваме" Македонија! А и не можиме! Квакнати у срцето на Европа, окружени ѓоа бубрек у лој, со годините а прифативме новата, другата реалност. Живееме у држава во која на свадба те канат година унапред, за роѓенден три месеци а за спонтана дружба со скара и кобаски барем месец … У држава у која ништо не е препуштено на случајот, шо се однесува на тоа шо е у човечката моќ.

Да, Швајцарија ова лето исто беше потрефена од временски непогоди. До душа од една – ВОДА. Или поточно речено дожд. Дожд во ненормални количини. АМА, човеците т.е. одговорните во Швајцарската конфедерација учеле, учат и

се спремат со години, од доживеаното, од виденото, од чуеното! И тука, во земја, во која противпожарните единици 95% се на доброволна база, функционираат подобро од 95% од војските во Светот.
И тука поплавите и невремето уништија по неколку делови од неколку села низ целата Швајцарија, ама штетите се санираат за 24 саати, тие што се од витално значење. За тоа шо некој запишал, а сите знаат шо им е работата. Тука само при сумњата дека се можни поплави во случај да дождот продолжи и температурите растат се изпразнија сите езера на минимум денови пред да се случи тоа сценарио. И да поплави, ама ни делче од поплавите од 2005. Ама од 2005 до денеска се анализирале работите и се спремале за такво нешто…

И така со години ги пратам швајцарците и нивната работа. Едно нема никогаш од нив да го научиме. Да си ја бркаме, работиме, нашата работа. Да не се мешаме и делиме совети од стилот "на татко ти ќе му кажуваш како се прават деца". А тука секој си е мајстор во својот занает. Само полицајците и пожарникарите и офицерите во војската имаат друг занает пред тоа учено.

Човек уче додека е жив, паметниот уче од грешките, а мудриот од грешките на другите…
Во еволуцијата на ЧОВЕКОТ се промениле многу рзаботи. Додека во најраните епохи на човештвото се рачуна дека децата се осамоставувале со 4 години и биле спремни да преживеат сами, сега некако си ја запишавме границата од 18 години. Така и нашата мила Македонија, еве скоро 30 години никако да се осамостали.

"Убав ти е проектот, ама види со шо кадар располагаш!", беше забелешката на Славе кога бев помлад и мислев дека со добар ангажман може да се направе НЕШТО за Македонија.
Така човек може само да се прашува, како може да се осамостале Македонија, со кој кадар???

Нејси.
Додека во "мојата чудесна земја" ќе се водиме од:
"ќути, и по лошо има…"
и "поминувачка нека има…"
ќе чекаме да ни созрее државата и да се осамостале, 30 години се малку

И така Македонската сага ќе продолжува
снегот секогаш ќе не изненади,
пожари ќе се гасат со музејски експонати,
после секоја поплава ќе се чистат каналите,
ѓубрето ќе се фрла у шумата наместо на депонијата,
цената на смедеревката ќе ја договараме у септември,
школството ќе продолжи да ни биде експериментално,

И сето тоа додека не дојдат "другите"
И ПОСЛЕ.
Пак сè од поново…

# Легнување на брашно!

gordan 13.08.2021




“Јерусалема“ – симбол за борбата против Ковид 19!!!
Таа песМа побуди многу чувства во мене, ама не позитивни, како шо ни ја продават. Кај мене побуди револт и гнев. Револт и гнев против “општата состојба“. Општа состојба во која за здрав, нормален човек нема место. Денеска се заштитени белите мечки, фоките, средноевропејските славејчиња, амазонскиот бумбар, педерите, лезбејките, муслиманите, евреите, …. сѐ и сешто е заштитено, само како човек, нормален, здрав, мора да ја серкаш супата не заштитен. Не ставија у ред, или редица. На пат се да не поделат или бележат поубаво од колку Г-динот Хитлер шо ги бележувал евреите, ни уведија мерки на обезбедувања, протоколи, документи… и сега ти танцај на “Јерусалема“, и плускај, и викај БРАВО!!!

Како дете, сон ми беше да имам Alfa Romeo GTV. Младоста ја поминав со Wartburg. Подоцна, кога почнав возилата сам да си ги купувам имав неколку

услови кои треба да ги исполни новиот автомобил. Не смее да биде дизел – не че смрдиме ѓоа тракторист, автоматски мењач не смее да има – не сме пензионери де, комби никако – кардинал не гледам за на пазар да го носиме!
И така после неколку автомобили, на "зортот" купиме SAAB 9000 turbo. Единствена негативност – автоматски мењач!!! Ама ајде за кратко ќе биде дури се најде "убава кола". Тоа кратко време испадна 4 – 5 години. Прекрасни години кога ќе замислам како поминувавме во сообраќајот. Автоматски мењач – нешто најубаво шо човек измислил. Секоја следна кола беше и е со автоматски менувач. Повторно дојде време кога требаше да се купи автомобил подобро вчера од колку утре. Буџетот толку, потребите такви – OPEL Zafira CDTI automatic. Убави 6 – 7 години користење. Толку од младелачките услови и желби. Си легнаме на брашното.

Човекот како "најсовесното" животно на ваа Земја, од секогаш се стремел за напредок и подобрување на сопствениот живот. Од една страна секогаш сакаме да си купиме, набавиме нешто ново, од друга страна многу сме скептични кога е во прашање напредокот, промената на технологијата. Во Швајцарската Конфедерација не знам кој и зошто уште преди ногу години одлучил да се престане со емитување на "слободните" радија низ етерот со убавата и квалитетна FM техника. Од следната година ќе има само DAB и DAB+ низ етерот. DAB значи Дигитално Аудио Емитување (Broadcasting) а + дека има уште подобар звук и поголем избор на станици!!!
Ама мене никој не може да ме убеде дека тоа уште едно делче од сложувалката наречена потполна контрола. DAB технологијата која нуди "прекрасни можности и кристално чист звук" сигурно ја има и можноста да се контролира до последниот "бит".
Јас сум дете на FM и до последно ќе се борам да не се уведе DAB. До денска.
Јас сум против задолжителното вакцинирање против Ковид19, денеска ја зимам втората транша…
Ноа митското, "магарето или змијата" нема, не се бега од него.
DAB инсталирав у колата за да првите вести наутро и сите други не ги слушам и барем малку да се куртулам од информациите кои ни ги шприцуваат во минутен такт и после ни ја пуштат "Јерусалема" да не мотивираат.
Се вакцинирав за да како "вакциниран човек" можам "слободно" да си отидам до Македонија, оти криминалци веќе нема по границите – сите такви имат дипломатски пасоши, сега се не вакцинираните најголемото зло и закана за сите нации!!!

И така, човек ќе разбере дека ногу брашно му треба во животот, за легнување…

# Туѓ на туѓото…

gordan 19.08.2021

Од нашите баби дедовци, од старите, од чуварите на традицијата постојано сме слушале и слушаме,
Свој на своето!
Каменот тежи на местото!
Круштата паѓа ~~кога е скапана,~~ не, под дрвото!

И така после неколку години у "туѓината пуста да остане" ќе приметиш дека и туѓ на туѓото не е лошо…

Ќе седиш на клупата од ќошето на нивата на некој филанкиш човек, која заради поради на тебе не јасни околности го оставил тоа парче земја да го гази секој намерник кој сака неколку моменти да ужива во Божјата убавина…


















# Заебанција!!!

gordan 23.08.2021



Заебанција, по кавадарчеки или литературно македонски, подбивка!
И повторно забегување со мислите, филозофирање.

Работи и живее со фамилијата во Швајцарија… е една фраза која се сретнуваше во најавите на неколкуте изложби кои веќе се направени по Швајцаријта и околината.
Воа со работи, незнам, дали тоа шо јас го работам може озбилно да се сфати, а да живеам, и тоа како, ЖИВЕАМ во Швајцарија. Јас преди ногу години направив

една колекција на фотографии кои на неколку изложби беа презентирани под името "Две татковини". Да така се осеќам, како човек со две татковини. Ама да бидиме искрени во последно време на едната повеќе и обврнувам внимание ☺ Да, живеам во Швајцарија, во лето Господово 2021-во. А иначе лето како годишно време оваа година во Швајцарската Конфедерација кажано со зборовите на еден шофер на "Тиквеш Транс" (Блашко, Бог да го прости ☹ ), – СЕ ИСПУФА!!!

Од една страна не масира времето кое никако не сака да уклуче модус "лето" , од друга страна не дриблат со ситуацијата КОВИД!!!
И така повторно доживувме некој период на вакум. Време во кое никако да ги "наместиме картите". Време во кое само чекаме да помине и да дојде "НЕШТО"!!!

* **Midlife–Crisis*** или таканаречената "средновечна криза", јас мислев дека тоа е само добра холивудска лудорија и која е тука да со оправдат ногу не рационални дејствија. Кај нас, барем во Кавадраци, тоа спаѓа у графата: "Немал Ѓаволот работа, па си ги ебел децата."

И така, сето кога гореспоменато би го споменал повторно, ќе дојдам на моето "дереџе".
Лето Господово 2021-во, ЈАС 30 (со букви триесет) и кусур години во "туѓината пуста да остане", деца, кои веќе се самостојни, ситуација не ситуирана, туку финализирана, кога најголем проблем ни е шо ќе каже официјално Швајцарската Конфедерација во вторник во однос на мерките со КОВИД (незнам кој) , еве седам пиам од легалните дроги и утврдувам дека после одморот, ако помие како шо планираме денеска, ќе биде – МОТОР, или моторцикал или како сакајте наречете го возилото на две тркала. Не дека тие 3 до 4 возила од тој тип кој сега се на располагање не си ја бркат работата, ама ноа * **Midlife–Crisis*** треба некако да се победе. Тоа шо го мислев дека се само како медиумско помодарство ме има потрефено – скор3.

Спасот го барам во "материјални богатства" со кои треба да си ја лечам душевната изгубеност. И можам да се пофалам дека тука, во Швајцарската Конфедерација, ја имаме таа привилегија работите да ги пробаме.
Па така со мало заокружување дојдов до решението на мојот проблем – МОТОРЦИКАЛ!!! За тоа што по последните статистики во Швајцаријата тоа е доста добра терапија. А се приметува и на патиштата и сообраќајниците низ Швајцарија. Јас се оградувам од ниа пресните МОТОРЏИИ кои како мене во потрага по утеха дошле во допир со моторите, ама за разлика од мене за првпат и дурдисани како ниа моторџиите од читанките ги возат најскапите мотори.

Дури да "паднат коцките" кој и каков мотор, мала утеха си побарав во другото мое хоби, фотографијата. Скоро цела година немам ништо купено за "освежување" на фотоопремата.
Пред некое време малку (малку повеќе) ја оретчив фотоопремата само на тоа што го користам. И задоволен сум. Бев. Незнам шо пак ми текна да изјавам желба / интерес за некој си "моќен" објектив. И како шо кажав, тука во

Швајцаријата за тоа има можности да се проба. Си нарачав, си добив и после третата фотографија…  враќање во реалноста / траќање од земја!!!
Не Гого нема да купува нов објектив. Се потсетив на времето кога и оние од по 1,8 или 2 кила ги отуѓив затоа шо ми беше тешко да ги "влечам" со себе. Објектив од 3 кила и 300 грама борбена тежина кој за да го користиш ти треба плус статив да влечиш кој исто е преку едно кило – најн данке, мерси (воа по француски!)

И значи продолужувам кон изборот на моторцикал…

А на крајот, како и летото кое не беше лето, летото во кое ни доволно "топол воздух" немаше, може сето воа ќе помине како заебанција или како шо викаше еден врвен кошаркар од Кавадарци, "сите мислат дека топката е полна со воздух, или емоции, а она у ствари е п'на со заебанци!!!"

# Јагнешко, печено…

gordan 26.09.2021




Долго планираниот и уште по долго чеканиот долг одмор, помина.
Условени од глобалната ситуација планот, беше одмор со можни карантен – два пати. Околностите направија да комплетниот одмор можиме да го искористиме за одмор.

Во моето триесетгодишно патување на релација Македонија – Швајцарија – Македонија, сум поминал секакви одмори и прошетки. Имало фантастични

одмори, имало катастрофални одмори. Овој последниот беше некоја мешавина од сѐ. Ама пред се беше поучен. Мислам дека нема повеќе да патуваме со кола и дека одморот не смее да биде по долг од 5-6 денови.

Како конзумент на телевизијата сум гледал емисии во кои извесни личности припремајќи се за на одмор постапуваат цврсто по предходно утврдени "чек листи". Во прво време му се чудев на умот, после ги прифаќав нивните теории за да со години наназад планирам и јас да си направам такво нешто – тикви.

И така на секој одмор нешто фале, а нешто влечам шо нема да се искористи!

Едно друго интерсно, од кога не напушти тато некако шетаме без ракија. Тато беше тој што пред секое патување или прошетка ќе спремеше две три срчи ракија со благословот: "земи, це најде" L . Ногу пати ракијата ќе си ја вратеме дома, ама имаше моменти кога беше како "кец на десетка" – златни врати отварала и убави пријателства создавала…
Сега така, каа без кур на свадба, така ги отепаме сите шетања.

На сите патувања на човек му се отвараат нови мисли и мислачки. Еве и ваа пата. Помиувајќи по ногу држави ме заинтересира прашањето како може да бидат луѓето толку себични и егоисти? Иначе како би го објаснил човек фактот дека и покрај тоа шо ние сите се колниме во Бог кој можеби не е исто нарекуван од различните вери, ама и ако се повеќе, и секој од нив ни приповеда љубов, мир и простување, некаде има напредок а некаде се утепуат за меѓата…

Не, и ваа пата нема да пишувам за ситуацијата, битието, во Македонијата. Шо да каже човек за едно нешто во кое четериест и кусур години уште се вергла "Због једне дивне црне жене…"

Ааа да. Воа морам да го напишам. Има промени. Една модерна работа шо ја забележав во Кавадарцито е спорото возење на автомобили. По можност по нова и по голема. Се влечат ѓоа црева по улиците на "градот" по можност на места каде има ногу народ – да ги видат ??? Незнам. Ни на времето праеме други работи за да бидиме "фраери"!!!

[»»» мал избор на фотографии…]

# Македонија – ВЕЧНА!!!

gordan 30.09.2021



Лето во лето Господово 2021-во.
Во Швајцаријата времето не масираше како да е нешто мешавина на пролет и есен. Никако да уклуче на "шеска" летото. Па за тоа се радуваме на одморот кој го планираме за во септември, четири недели одмор во Македонија, во септември! Септември е прекрасен месец и очекуваме дека ќе фаниме нешто од летото.
Но како се ближеше септември така се повеќе растеше нервозата и тремата. Не, не ни е првпат да патуваме за Македонија, ама не под актуелните услови. Услови на глобална пандемија и хаос. Скоро секојдневно се менуваа условите и правилата за патување. Условени од белосветскиот метеж во малтретирање на народите, народностите и човеците, подлегнав на притисокот да се вакцинирам, само мир, помин, поминувачка и преодност по држави и граници да се има….

Ама дали од вакцината, дали од мислачките како ќе биде додека тргниме на пат, дали уште некои услови и правила ќе измислат виа креаторите на новиот поредок, имаше неспани ноќи, со недели…

Дојди денот, и тргнавме. Со сите цертификати и документи и непријатен осет во стомакот. За едно чудо патувањето помина ептен нормално, да не речам дури поубаво од многу претходни.

!!! ВРЕМЕТО ПОМИНАТО СО НАШИТЕ БЛИСКИ БЕШЕ ПРЕКРАСНО И НИКОЈ НЕ МОЖЕ ДА НИ ГО ЗЕМИ, И СЕЌАВАЊАТА НА ТОА !!!

Првиот ден го започнав претпазливо и со голема резервираност спрема околината. ИМАМЕ ВРЕМЕ, цел месец сме тука, да не брзаме. И така деновите поминуваа се сретнував со блиски и сакани човеци, ама секогаш со голема претпазливост и мисли шо ќе биде ако ….
Тоа, "шо ќе биде ако не нападне короната" ровеше во мене цел ебан одмор. Човек се уништува кога мисли на сите, а не само на себе, а јас мислев по дибоко и од Хичког.

Цел одмор не се опуштив, не направив ни 1000 фотографии, ма ни 500 нема.

Уште првиот ден го регистрирав моторот со ниет да се вози низ Македонијата. Поминаме 140 км.

Некако не се имаше поттик да се направе нешто, да се прошета некаде, да се виде нешто. АМА сепак прошетаме и видоме многу повеќе од некои кои живеат и се цело време во Македонија.
А и кога прошетаме шо видоме? МАКЕДОНИЈА ВЕЧНА!!!

!!! СО ГОДИНИ ИЗБЕГНУВАМ ДА ПИШУВАМ ЗБОРУВАМ ЗА ПОЛИТИЧКО ЕКОНОМСКО ТУРИСТИЧКАТА СИТУАЦИЈА НАРОДНА ФЕДЕРАТИВНА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА !!!
Ама ајде едно видување …

Македонија вечна. Да Македонија вечно вергла у место, или барем последните 30 и кусур години како самостална демократска и веќе не независна.
Од Кавадарци, преку Ниготно, Охрид, Ресен, Скопје, Струмица и у кое не село, град, салам изградените и направени работи се од времето на Другарот Тито, ЈНА и КПЈ. 30 и кусур години се лепе, се шминка се мачка (пред сѐ очите на народот) демек нешто се прави. Се со цел да се освојат изборите. И после настапува, пролетнолетнаесенскозимска ЖЕТВА.

Охрид, бисерот на Македонија. Македонскиот Ерусалим. Градот под заштита на НАТО, не бе НАТО – УНЕСКО…
Шеталишчено – ТОП!!! Светат и трепкат секакви реклами од белосветцки фирми, за да ред-два поназад, во улиците на 100 метри од сјајот владее хаосот и анархијата која се спроведува систематски веќе 30 години и 140 избори….

Да не се лажиме, у Македонијата убаво се живее, ако си од страна на шминкачите или уште по арно ако си тиа шо шминка.
А шминкањето е белосветцка појава.
Од фотографиите, пеку виното, до кафаните. Се што мие е мене мило ем драго е веќе потпаднато на шминкање

И ногу други работи се како угу. Мајстори кои не си стојат на зборот, чиновници кои фрустрациите ги празнат на народот, лигавеши кои ти го кројат утрето, … Комета, само комета може да не спаси.

ДА. После незнам колку стотици години Гордан повторно отиди во грција. Не а сакам, а одсакав грцијата. И нема никогаш да ја сакам. Не се ни исплаќа да пишувам нешто за таа тема.
АМА, патувајќи така по Солунско поло до Егејското море, ги гледам тиа плодни и не догледни полиња, прекрасно крајбрежие, и си мислам – имало зошто го земале. Криво ми беше сите тие километри и сите тие минути дури патуваме. Криво ми е шо ем сето го украдиле ем не те признават како суштество.
Од друга страна, патуваме и по Македонијата, по Пелагонија, по Тиквешијата, по Струмичко поле, по … Секаде Божји дар. АМА да ги искористам зборовите на еден "англез" : "успевате нај убаво да го уништите…" ДА, ние не знаеме и не сакаме да го искористиме и тоа шо го имаме.
А можеби и јас не ја разбирам сета ваа работа, одамна сум испаднат од тој …

Ме "возбудија" и други работини. На пример, црквата. Нашата првославна Македонска црква. Се градат и шминкат нови цркви, а старите пропаѓат и со нив ги закопуваат сите сеќавања на некоја си епоха. Поповите од сите православни цркви истото го проповедаат, мир и љубов. Они СИТЕ се крстат на еден Бог и го проповедаат едно те истото, ама да е по нивно, оти србинот не го сака македонецот, бугарот не го сака русинот , а македонците не се сакат ни самите…
Интересна секта се они….

И ред други работи ме возбудија/нервираа, ама ја доста за сега.
Оти ако некој го прочита воа , ци помисле види негативна ќифија да аа…

А има ногу убави работи.
На пример – даска, па макар и похована J
Дружби со "убави" и сакани човеци.
Надеж дека тиа убавини, тоа сонце еден ден ќе грее за сите Македонци.

# празнина…

gordan 01.10.2021




Месец септември. Летен месец кој сите го поврзуваат со есента. Месец, убав. Гроздобер по старински. Месец у кој сум роден J

Овој септември, 2021 лето Господово, не многу бериќетен. Мислам на експлоатација на фотографијата. Ногу прилики, малку мерак за фотографирање.

И така… вртам по воа интернетот, фацебук, инстаграм и слично и некако срце не ми дава да направам "клик" и да ставам барем некоја фотографија на овие светЦки познати и признати платформи за презентација на своето јас.

Фотографијата ме прати по одамна, може да се рече скоро цел живот (кој јас го паметам) до душа последните 10 – 15 години така по озбилно ама од секогаш сум се осеќал како љубител на фотографијата и апсолутен аматер. Си возам јас така со моторот или си се шетам покрај некој брег, И ОП – шкрап! убаво нешто овековечено. Моите фотографии од возењата и прошетките имаат можност да ги видат моите блиски и чат-пат имаше по некоја изложба.
Имам јас еден куп фотографии и на фацебук и на инШтаграм ☺ ама се повеќе не ме предизвикува да ставам фотографии на овие платформи за да добијам неколку "лике" и "срце"… Од ден во ден се повеќе ми се создава одбојност спрема на овие платформи дотераните, нашминканите, извитоперените фотографи со кои некои си бедни души сакат да ја покажат замислената реалност. ШО Е НАЈ ЖАЛНО УСПЕВААТ ВО ТОА!!!
Скраја да е, и јас ги "дотерувам" фотографиите, ама само со ниа трите реглери

– светлина, температура на бојата и одсечување на некоја страна ако има влетано некој или нешто шо не треба да се гледа на фотографијата. АМА тоа се помалку се цени. У денешно време на "блогери", "инфлуенцери" и слични лигавеше сè повеќе се бара "HDR" – на нај јако!!!
Имам потешкотии. Потешкотии со денешното примање на визуелните медиуми. Незнам колку пати сум учествувал на "фотографски конкурси" и исто толку пати се одбиени / не примени моите фотографии.
ДА, јас немам портрети. А на "извиканите" конкурси се "сакаат" фотографии на некои си стари измачени личности во црно-бела техника – ТОП!
И да, ако е некоја со магла, тогаш треба да биде маглата од Кина или Тајланд, маглата од Росоманско не е убава.

Иде есен, време на шаренило. Време на смиреност и спокој и време на убави фотографии. Ќе начекам јас некоја и ќе направам. Ќе ги има, ама на "моите" страници.
Кој милува нека повели:

» фотографии
» видео записи

# И пак.

gordan 09.10.2021




И пак, незнам по кој пат, се случи нешто оти така требело да биде!
И убаво ми е!

Не смеам никако да се пожалам кога е во прашање изборот и набавка на возила. Поготово кога нешто ‶случајно‶ ќе се случи.
Се сеќавам, по одамна, уште немаше ни ‶www″ или беше на почеток, па коли – мотори бараме по огласите во весниците во печатена форма, дојде момент да МОРА да се купува автомобил. Во тој момент ниту имавме некоја замисла каква кола сакаме, ниту кои коли се ‶убави‶. Па така листајќи по огласите главен услов беше да е ефтина, со ниет попосле на мир да се бара и купи ‶вистинска‶ кола.
SAAB 9000 turbo 16!!! За SAAB – от само знаев дека се солидни шведски коли. Нејси, цената од убава, по убава не може да биде. Отидов да ја гледам. Автомобилот и ако убаво преку 15 години стар, надворешно беше како ‶од фабрика излезен‶! Внатре, мала катастрофа. Гумите на вратите паѓаа на секое отварање, платното од покривот го попречуваше погледот назад преку ретровизорот, ливче – ‶климата не работе‶, и нај големата ‶КАТАСТРОФА‶ – АВТОМАТСКИ МЕНУВАЧ!!! Јас да возам автомат, па не сум пензионер бе!!!
АМА главниот услов, ефтина, беше скроз исполнет – купено!!!

После, тој автомобил, бидејќи имав време на работата, малку го средив, гумите на вратите беа исчистени од стариот и раскашкавен лепак и добија нов квалитетен лепак, покривот беше стручно преработен – кај струќнак, кој пресно отворил фирма за тапацирање на автомобили па цената беше повеќе од символична и на КРАЈОТ – климата, кога помина зимото и почна сонцето повторно да сјае како во лето и климата ја управиме.
И не на КРАЈОТ, туку како почеток на една нова епоха, автоматикот! Се заљубивме во автоматик – до ден денешен секоја следна ‶вистинската‶кола во фамилијата е автоматик!
SAAB-от го воземе неколку години, убаво не служеше и прекрасни работи доживеаме со него.

2010, Гордан допатува со точак во Македонијата. Условен од тоа, движењето по Македонија се реализираше со возење на моторот кој е таму, ‶стариот‶ добар BMW R 80 G/S. При тие возења се случуваше (и уште се случува) да одвреме навреме тропне нешто во пределот на преносот/карданот.
Повторно во Швајцарија почна да се бара BMW ‶за резервни делови‶. Барањето испадна по тешко од колку шо очекував. И некогаш се ‶најди‶ – BMW R 80 RT. Сега воа стварно беше RT, не G/S, ама понудената цена на ricardo.ch беше толку ниска, шо срце не ми дади да не стиснам ‶понуда‶. Понудената цена беше толку срамна шо не очекував дека нема да биде надмината. КУПЕНО.
Судбината сакала да јас го земам BMW-то R 80 RT со ниет карданот да се искористи како резерва… Финиот продавач дури ми го достави сјајниот моторцикал. РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ??? Ма јок! Продавај YAMAHATA закачувај регистрацијата на BMW. И така со BMW-то R 80 RT испоминаме илјадници прекрасни километри и до прва ќе поминуваме…

‶Средновечната криза‶ не ме заобиколи ни мене. И ако сѐ си е како шо треба, си го бараш следниот предизвик. Во време на глобалната пандемија BMW-то R 80 RT си го ‶обра‶. Се возеше во секоја слободна минута. И некако ми стана жал. Додека BMW-то R 80 RT го возам во секоја прилика, G/S-от си кулира у Македонијата. Почнаа да се прават комбинации, како да си а направиме

интересна… Идеја – G/S-от да се донесе во CH. Ама кога ќе одиме во МК ќе ни фале. Да се купи G/S и во CH? Или нов G/S во нова верзија наречен BMW R nineT urban G/S или Kawasaki W850 ќе е по добро? А и Kawasaki Z 900 не е за заобиколување… А од кога го видов и Triumphot 1200 scrambler … сѐ ми се измеша…

Септември 2021. После убави две години повторно во Македонија. Среќни. Првиот ден во МК G/S-от – регистриран, спремен за патиштата низ Македонија. Случајот сакаше да не се вози многу, ама едно убаво возење со Златко и Коле направи чудо. Не беше ногу, нешто повеќе од 100 километри. Ама доволно да сфатам дека моето во класата на "накет бајк" е минато…

Уште во слободните моменти во Македонија се вртеа швајцарските портали по потрага на "нов" мотор. Услови: малечок туристички.
Човек да се чуде каде отишла моторциклистичката сцена… Туристички под 1000 кубика? – ЈОК! И така пак се заврти орото околу RT. Најкомпактниот туристички моторцикал на пазарот. Неколку интересни понуди имаше по Швајцаријата. Еден во Теќино, друг во Цирих и третиот – најубавиот ☺ , во Санкт Гален. На пат за Швајцарија, уште една преверка, тиа во Теќино дали ќе може да го видиме на поминување – продаден. Вториот секако е блиско, може секогаш да се оди да се виде, правење термин за пробно возење во Санкт Гален.

КУПЕНО КАКО ВИДЕНО!!!!

И еве сега сум најсреќен сопственик на BMW R 1200 RT, јубилеен модел по повод 90 години на BMW моторцикли.

Споделената среќа се дуплира, па затоа сакам мојата среќа со сите вас да ја споделам и ви посакувам да имате денови на радост како што јас ги имам сега – секој ден…


















# “не волим те више!‟

gordan 22.10.2021




“За да правите подобри фотографии, не ви треба подобра (скапа) камера!‟
Ова е изрека, теорија, совет или како сакате кажете го, на скоро секој професионален фотограф кој го пратам по јутубето и слично. Ќе го рече тоа и ќе ја извади “единицата‟.
Истото се случи и на клубската средба на фотоклубот Швиц. Презентерот на макрофотографската тема ни објасни како ние со “нормалните‟ камери кои имаат АПЦ или помал сензор од полнформат камерите сме во предност, а во просторијата беше спремен примерот за фотографирање (макро) и на стативот беше закачена камера со среден формат!
Нејси. Човекот ни го пренесуваше своето искуство во макрофотографијата и секој од нас можеше да си одбери по некој убав совет или тип. Во секој случај поучна вечер.

Во моето фотографско живеење сум сретнал безброј фотографи, од аматери до мајстори на фотографијата, од човеци кои фотографиите стриктно на компјутерот ги чуваат до онакви кои изложувале на биеналето во Венеција. Средбите со човеци во поголеми групи од секогаш носеле нови искуства. Интересно е да осетиш колку малку треба за да пријателскиот и фин однос премини во цинизам и презир. И тоа се побрзо се случува колку е поголемо егото кај дотичниот.  Интересно е да човек види, осети како само малку по друго, по лично, видување на работите кај некои индивидуи предизвикува одбојност…

Да тука, на ова место и во вакви ситуации стапува на закон она старото Македонско:
»Поминувачка нека има!«

» есенски фотографии

# Среќа во есен

gordan 08.11.2021




Еве загазиме у нај есенскиот месец од годината, ноември. Секое годишно време си носи свои убавини кои му се располагање на човекот кој сака да ги овековечи, фотографски. Оваа година есента повторно ни ја подари целата своја убавина. Само што човек нема секогаш време да биде секаде кога е кулминацијата на убавината (читај: бои). Но јас не можам да се жалам, направив неколку убави фотографии, а и не е моја задача да ја документирам комплетната есен ☺
Боите полека исчезнуваат и сѐ постанува монотоно, ама сега ќе се надеваме на убавите магловити денови и можноста на "игра" со маглата …

Последните денови, недели, изгубив интерес за презентирање на фотографиите по "социјалните мрежи". Ногу беа контаминирани со "изборите", изборите број – кој знае кој!!!
ДА! Издржав јуначки и ниту еден клик или збор за фразата која се вика избори. Не да се досадни и како сите до сега, туку полека постануваат и навредувачки. Го навредуваат секој поштен и лојален човек кој сака само едно – пристоен живот.
НЕ! Гого – НЕ!!!! Се зарекоме и ќе го спроведуваме понатаму – не лафиме за

политиката и ситуацијата во Народна Федеративна Социјалистичка Поранешна Југословенска Република Северна Македонија….
Човекот со годините, дали станува по мудар или по мрзлив, тоа е прашањето сега. Едно од моите хоби е и моторциклизмот.
Како деца, едвај чекавме прилика да се извози некој мотор. Се организираше, бензин, мотор, резервни делови, сè се правеше само да може да се заврти едно кругче по градот, било у кое време на годината. Било под кои временски услови…
Денеска, кога имам на располагање неколку "возила" во возна состојба, се убедувам да се извозам, ама за тоа треба сè да штима! Од време, од желба, па до слобода на мислите. Затоа шо јас не сум (или одамна веќе не сум) моторџија. Моторџија е човек кој целиот свој живот го подредува спрема моторцикалот и моторџијскиот живот.
За мене моторцикалот е една ногу убава направија да ме однесе до некаде каде сакам да стигнам. Не дека со автомобил или воз не се стигнува таму каде што јас одам (возам) со моторот, ама чувството на слобода и можноста да мислите ги пуштиш на паша, не заменливо е. ПЛУС, голем ПЛУС, е тоа што со моторот на ногу повеќе места може човек да застане и да фотографира… ☺
И како што кажав, пред некој месец набавив нов моторцикал. ДА, радоста и задоволството беа и се уште големи! АМА здравиот човечки разум вика: Гого, кочи. Шо ќе го регистрираш сега на есен за два пати да го извозиш! И ОП, моторот спакуван ја чека следната мото сезона. Да. Демек здравиот човечки разум победува уште.
И воздржаноста. Ооо, тоа воздржаноста колку била скапоцена! Еве вчера, се случи тоа шо секаде владее – предрасудите. Човек кој моторите ги гледа само одзади на автопатиштата почна да лафе како ако не е "Харли Девидсон" не било мотор. Само голтка, две – три, од пивото, никаква изјава и помина. Он и понатаму ќе си живее со тоа убедување, а мене ми заштеди реферати од стилот Харлито не е мерило во моторџиството како што ЕПСОНОТ не е во светот на штампачите или ЛИБК!ЕРОТ!!! во светот на багерите…
Е ноа, дека "АЈ-фонот" правел подобри фотографии од мојот CANON на кој има објектив кој вреди колку две направии наречени "интелегентен телефон" е тука не можев да ќутам. Ама човеците не само шо веќе се потпаднати на најголемите влијанија на "инфлуенцерите" и "блогерите", туку ногу од нив се занесуваат ако собрале 14 лајкови од роднините и пријателите се меродавни да лафат за микробиологијата…
ПОМИНУВАЧКА НЕКА ИМА.
Еве почна нова недела, со убав празник, батериите на фотокамерите повторно наполнети, картичките изпразнети, одиме на лов на нови убавини…

# Сонце за сите!!!

gordan 22.11.2021




Есен. Време кога владее маглата,  досадните дождови, ладното и влажно време. Време кога во воздухот се осеќа  мирисот на изгорените дрва, мулосаните лисја, на места и мирисот на комиње и пресноварица… Време кога насабајле во темно одиш на работа и вечер во темно се враќаш дома. Време кога се радуваш на викендот и време кога ќе те разочара баш тој викенд, затоа што исто така како цела недела е тмурно, влажно и ладно. Време кога само бегање во планините може да те спаси.
И бидна. Возот и на Риги.
А горе, на "Кралицата на планините", прекрасно. Сонцето сјае и за тие шо немат шанси да го видат. Класичното "Доле сиво, горе плаво" (unten grau – oben blau).
Да, го спакував "големиот ранец". Покрај обавезните ситници за во планина, по незнам којпат во ранецот ставив и втор објектив – теле, демек ако затреба….
Не знам, ама искуството или расположението, не знам по што ама уште на третата фотографија ми беше јасно – денеска нема ништо од фотографирање… Од една страна светлото беше нај јако, сонцето со сета сила светнало, а маглата од одоздола како некој голем рефлектор уште по јаки ги правеше контрастите. На овакво време секогаш сонувам за некоја направија која ќе има динамичен опсег од едно, барем, 27 бленди!!! ☺
Вториот објектив не го извадив од ранецот, а ниту видео камерата не ме поттикна да се заинтересирам барем нешто да направам со постоечката ситуација.

Нејси. Се препуштив потполно на уживањето во сончевите зраци, чистиот воздух и планинскиот мир. И тоа беше доста веома врло добра одлука. Поминиме прекрасен ден, наполнети со сончева енергија ….
Се вративме во маглата и секојдневието со 34 (ни еден филм не исликаме ☺ ) фотографии од Риги, за разлика од “нормалните“ денови кога има од 400 до 600 фотографии, ама полни со енергија да од поново загазиме во секојдневието… Ама како што вика митолошката “поминувачка нека има“, се надеваме дека во друга ситуација ќе имаме по добри карти или повеќе среќа за добри, интересни фотографии…



# С.П.К.Н.О.З.С. *

gordan 26.11.2021




Воланот (во народот познат како управувач), десно од него рачката за менување брзини, мењачот, лево од управувачот, на еден шалтер, жмигавците, сирената и долгото светло. Лево на таблата, клучот за стартување на моторот, шалтерот за светло, десно на таблата копче за "четирите жмигавци" и шалтер за брисачите (со луксуз во тоа време – четири брзини!!!) уште некоја рачка за греењето, шалтер за вентилаторот – И ТОЛКУ.
Од "асистенти" лево доле рачката со која се премостуваше слободниот од на менувачот!!! И тиа асистент не беше алтоматски, возачот на возилото треба да одлучи кога и дали ќе го уклучи.

Ноември, деновите не да се намалија туку и да не ги осеќаме полека. Насабајле у темно на работа, навечер во темно од работа. По некогаш и заросува, а од магла сонцето две недели го немаме видено.
Во автомобилот веќе неколку месеци си правам терапија со Radio Swiss Jazz. И помага. Првично мислено како радио кое нема водители, муабети, вести ИЧ, за избегнување на депримирачките вести испадна убава работа и за намалување на стресот при управување на возилото. До душа ниа на семафорите шо дремат и не тргнуваат и кога возилото пред нив веќе и раскрсницата ја поминало, тиа ме нервират – за таа ситуација уште немам лек најдено како да не се нервирам!!!
Така возејќи во мугрите сабајле и темникот приквечер осветлуван од разно разни ADAPTIVE, MULTIBEAM и слични LED ламбички секогаш на ново си мислам колку сме испорачани на "машините" кои ни "одземаат голем дел од нашата работа". Предадени сме на "асистентите" во новите автомобили и возила скоро

да не мора "ништо да мислиме".
Да така возејчи забележувам дека SKODA-та е новото AUDI.
До пред некоја година, секој шо имаше мислење дека е нешто посебно во бизнис светот имаше AUDI. У денешно време гледам дека скоро сите кои држат нешто до себе и со своите работни функции како некое си писарче или не дај Боже "груповодител" има некоја од новите SKODI и се лепе на задниот браник давајќи до знаење дека ОН нема време да чека (да вози нормално). Истите тие новопечени возачи и сдреднокласци возат како да заедно оделе на занает со Хамилтон или Фетел, а ако нешто згрешат, тука е некој "асистент" кој ќе пипне, свирне, закочи или затреси… секако дека можат да си дозволат НОВ автомобил со сите асистенти, познати и не познати…
А да, баш ме интересира како реагираат тие сигурносни асистенти на НИНЏИТЕ кои во овие мрачни времиња облечени во темни (невидливи) алишта шетат по тротоарите и чекаат да дојде некој автомобил и за да рипнат на пешачкиот премин, бидејќи они таму, на пешачкиот имаат ПРЕДНОСТ!

За среќа на нај експонираното место, каде има нај многу врсти на пешаци кои условени од модата се натпреваруваат кој ќе се облечи по добро во склад со есента, во темна, маскирна облека, тука на тоа место веќе втор ден се уклучени ламбичките кои не потсеќаат дека доаѓа Новата година со нови надежи (или старите, уште не искористени ☹ )

Да првиот пасус не е препишан од упатството за WARTBURG W353 touring туку е повикано од некаде дибоко од потсвеста… Од времето кога автомобилите се возеа физички, и не беа потребни четиридневни курсеви за обука за управување со интермултимедијалниот систем на возилото…

(* С.П.К.Н.О.З.С. – систем за потоплна контрола на овците за стрижење)

# правила, правила, ...

gordan 14.12.2021




Декември. Пред Нова година. Време кога се праве осврт на сработеното, поминатото ваа година. Време кога мислите се враќаат назад не само една година….
Некаде, долу, ногу долу у меморијата врежени се некои работи кои некако никако да се заборават, за разлика од тоа што не можам да се сетам каде го оставив "мобилниот харддиск" пред 4 – 5 денови….
Да, некаде "длабоко" во нас се меморирани "правилата на животот".
Точак на две тркала учев на тиа, стандардниот од тоа време, точак кој беше на три тркала, ама кој исто така се претвораше во "вистински" точак со две тркала. Нај ногу ми помогна во тоа Менча, комшика и братучеда.
Мотор сам се учев, по некој совет од братучедот Трајко Замбата, еден од ретките моторџии во тоа време и од списанието "АУТО МОТО СПОРТ".
Тајните во управувањето на автомобил ми ги кажа тато, а и од него најмногу гледав. Финтите со тракторот ми ги откри зетот Нацо, не беа ногу, ама злато вредеа.
Да, ноа со бленда и експозиција е исто наследено од тато.
Како војник на Југословенската Народна Армија, ја имав можноста да полагам за камион со приколка. Обука по ПС-у. Ногу од тиа работи ми беа познати зошто таа обука (големиот дел) веќе ми беше врежан во потсвеста. Пред тргнување со возилото, вртиш еднаш околу возило, визуелна контрола, ОБАВЕЗНО проверување нивото на уљето и антифризот! Стартуваш моторот некое време работи во "лер", малку да загрее, исто така не го гасиш одма од кога ќе стигнеш некаде, повторно го оставаш да поработе во лер…
Булдожер сам си се научив. Ханс ми објасна некои работи, ама на ископот и депонијата нема стандард, секој ден е нов аситуацијата… се научиме некако. Исто така, стартуваш машина, чекаш да подзагрее малку и тогаш даваш гас до даска, и работиш. Завршуваш и ја оставаш машината да истине малку, тогаш

гасиш – тоа и Ханс ми го објасна на машина стара 15 години!
И така си работиш, ја негуваш машината и она те служи доживотно.
Да доживотно ќе те служи. Барем до сега уште работи како пред 30, или 45 години.
Еден певач од просторите на бивша Југославија пееше: "правила, правила, да би ме удавила…", тука во новата татковина има една изрека: "die Regeln sind da um sie zu brechen" – правилата постојат за да се прекршуваат!
ДА, булдожерот го користиме веќе накај 50 години. И ние, јас и колегата (механичар по струка) сме горди шо по научените правила го користиме булдожерот а он ни врќа со беспрекорна служба.
Горди !!!
да. А плус и објаснуваме на другите кои не се придржуваат на правилата дека не е убаво така.
Горди ???
ШОЗНАМ, еве остана уште некоја година до пензија, и ако Господ даде здравје и ако не се случат големи промени и тиа години булдожерот ќе не служи и ни ќе го управуваме.
ДА, ги има и такви машинисти, кои не учеле во ЈНА или во школото за правилата и редот на користење на возила/машини. И тие не ги негуваат машините со кои управуваат како треба. И тие кои не ги негуваат своите машини постојано имаат проблеми со машините.
А кога некоја машина прави проблеми, повеќе пати, тогаш се заменува со нова. И така тие шо не ги следат правилата и не ги одржуваат машините, на секои 3 – 4 години добиваат НОВА машина, а јас, колегата, ( и тие како нас) кои ги одржуваме и пазиме машините сме "наградени" со беспрекорна работа од страна на машините. Ја имаме привилегијата да возиме машини по 20, 30, 50 години стари. Ние сме поносни шо греењето во булдожерот "накалемено" пред 40 години уште работи како првиот ден, никако.
Недела, во декември. Утринското сонце не подмами да се одлучиме да денот го поминеме на матичната планина Риги. После пријатната прошетка за враќање се одлучивме да го земеме возот во 14:21. И бидејќи веќе бевме изморени од пешачењето, застанавме некоја минута по рано на станицата…
И ОП еве еден воз 14:15. Обично во неделите и празничните денови има возови за растеретување па побрзавме да го влеземе во него. ПЛУС тоа не беше "обичен" воз. Беше една од историските композиции кои се уште се користат за превоз на патници. Погонскиот вагон, година 1911, и вагонот 1875 година!




ДА и тука се забележа дека го користат човеци кои се држат на правилата.
Возот во потполн сјај. Како нов. Е сега за тој да се движи на трасата му треба посада од четворица шо машиновозачи, шо кондуктери, шо послуга…
Радоста беше наша, ама дали персоналот ја има истата радост? Или преку ваквоа му е дојдено од одговорност, да бидат сигурни дека секоја врата е затворена, дека нема некој да "рипне" од возот при секое намалување на брзината….
Нивото на уљето и антифризот во возилата, одамна веќе не ги контролирам, ниту па се вртам околу кола (Бог да чува насабајле тоа да го практивкувам). Денешните возила сигурно имат некоја ламбичка или такво нешто шо ќе се побуне ако нешто не е како шо треба.
ДА. И блендата и експозицијата одамна веќе "нарака" не ги навивам, а за оддалеченоста (фокусот) муабет да не правиме.
ДА, правилото: "вистинските фотографи фотографираат во маунелен модус" го кршам ѓоа ваквоа!!! Јас не осеќам потреба или желба да вртам на бројките на камерата дури мотивот ми бега…
ДА, има правила кои се стари со векови или колку што е старо човештвото, ама и за тие и за правила настанати вчера, важи:
правилата постојат за да се прекршуваат!

# Dezembar – Снежник

gordan 23.12.2021

“Ви ги честитаме Божиќните празници и ви посакуваме среќна Нова година. Нас ни е жал што поради “Корона мерките“ не сме во можност лично да ве контактираме но се надеваме дека нашата соработка и во иднина ќе продолжи…“

Средина на деведесеттите години на минатиот век. Обично после првиот Адвент, некаде почетокот на декември, кога уште и “сезонците“ не беа заминати, почнуваа посетите од трговските патници, претставниците, газдите од другите фирми па дури и од задоволните муштерии. Доаѓаа во сепарацијата да се заблагодарат за добрата соработка и “узпат“ да поделат по некое поклонче / реклама од својата фирма.
Календари безброј, упаљачи цело зимо на нив да се греиш, пенкала неброени… и сега ако сакаш да се издвоиш од другите и покажиш дека успешно си работел годината ќе има и по некоја маичка, палто или часовник. Од муштерии страна, обично фармери од околината, обавезно од најубавата ракија.

Ниту сега тоа ни фале, ниту тогаш ни требало. АМА во тоа време на безинтернетски медиуми, муабетот беше основа на рекламата. Нормално секој газда обожаваше и се гордееше кога ќе слушне дека е пофалуван у околината како “богато“ се заблагодарил кај муштериите/соработниците.




2021во лето Господово. Декември помина, до душа утре е 24ти, ама од утре и почнуваат Божиќните и новогодишните празници.
Кој дојди дојди. Помина времето на делење “пакетчиња“. А дојди само ЕДЕН претставник на фирма од која трошиме материјал. И дојди оти и он е од просторот на бивша Југославија и си го имаме муабетот, не само за “бизнисот“.

Ама не е само тоа сменето. Светот забегува се повеќе и повеќе. И покрај тоа што традиционално ќе може да ги изгледаме “Кевин сам дома“, “Сиси-

моминските години на една кралица“ и за Новата година “Вечера за еден“ и обавезателниот пренос од Виена, у последно време не утепаа со “прилагодување на традициите“ спрема ранетите  групи, педери, лезбејки, муслимани, домашни животни и слично.

Ете веќе и децата знаат дека поклоните не ги донесува “Дедо Мраз“ туку “ДХЛ“ и никој не чека честитката да му ја донеси поштарот туку ќе провери на “социјалните профили“ кој мислел на него и со едно НАЈГОЛЕМО “копи-пасте“ од СЕ срце ти посакува САЈ нај убаво за новата ни година.

И така како лани, кога покрај сето друго си посакавме да има крај и на оваа агонија наречен Корона, оваа година крајот на Короната ќе ни биде на прво место. Затоа што она е за СЕ друго крива шо веќе полека ама сигурно не функционира и замира….

# Кило и пол среќа?

gordan 29.12.2021




Јас во мојот полувековен живот не памтам да сум осетил земјотрес. Некако, или не сум ги осетил или сум ги преспал. А имало, ми кажуваа човеци дека имало. Исто така сите од нашето маало го видоа димот кога гореше “Стоковната куќа“ у Кавадарци. Јас не. И тоа го знам само од кажување. А знам, после одевме да ја гледаме изгорената “Стоковната куќа“. И ги памтам изгорените, испуканите спреови далеку од заградената и изгорена “Стоковната куќа“.
После ја направија уште по убава. По нова. “Стоковната куќа“, долу во

подрумот, беше моето светилиште. Секоја прилика се одеше во стоковната куќа, во подрумот и ги плакнев очите на изложената техника. Во "Стоковната куќа" имаше се што една техничка душа во тоа време го сакаше да биде нејзино…
За Новата година од Дедо Мраз секогаш си посакуваме ногу убави работи. Јас од Дедо Мраз (од каа разбрав кој е ☺ ) си побарав леткум (лемилица). И ја добив, и ја имам уште.
Таа, "Стоковната куќа" е и кривецот шо сум ја засакал техниката и перфектноста во техниката, во тоа време се продаваа таму само продукти кои го "поминале" ЈУС-стандардот и за кој денеска во Поранешната Југословенска Република Северна Македонија може само да се мечтае…
На часевите по ОТО, во "Народната техника", и најмногу од Тато се срамев ако некоја фотографија не биде остра ѓоа ваквоа! Стремежот да се направе "нај острата" фотографија ме потикнуваше се повеќе да се интересирам за техниката и да ја барам нај добрата опрема (во тоа време сведена да се најде по добар филм и не ногу стар! ☺ )
Од кога се осамосталив и сам почнав да си ја купувам фото опремата секогаш почекував уште малку за да се купи шо подобра опрема. Се чекаше да се пособери повеќе пари или да на саканото делче му падне малку цената. И така дојде еден период кога на фото опремата со која шетаме на одморите со мојата фамилија, ќе ми подзавидеа и голем дел од професионалните фотографи.
И после "пораснав". Како човекот расти, така му иде умот. Систематски полека полека комплетната фото опрема ја сменив на ниво на "амбициониран хоби фотограф". Сфатив дека со години и со километри сум влечел непотребно "тежини" со мене. Така да скоро десет години веќе немам објектив по тежок од 750 грамови. А на "моите прошетки" со години носам само една камера со објективот што е на неа.




Од дамна веќе не се секирам за некоја фотографија, која на компјутерот ќе ја зголемам на 400 % и "откријам" дека не е 100% остра!
Еве Новата година ни стои пред врати. И сите сакаме Дедо Мраз нешто да ни донесе ☺ . Не знам шо пак ме поттикна да се изластам и да купам еден од "нај добрите, нај квалитетните, нај …." објектив од »CANON«. Дали цената, цената беше шо вика Пане: "да те страм да се запишиш" или ноа шо тлее некаде во мене кое уште од времето "Стоковната куќа" и кое ме тера да се восхитувам на убавата / перфектна техника….
Купив и сега времето ќе покаже, дали ќе се користи како што заслужуваат тие 1,5 килограми техника (иначе само така узпат, само објективот е по тежок од колку комбинациите со кои фотографирам на терен).